| 825 | 01-3-2 | Надомест за работа подолга од полното работно време и ноќна работа | 2,900.000 | |
| 826 | 01-3-2 | Надомести за надворешни соработници | 280.000 | |
| 827 | 01-3-2 | Набавка на опрема | 3,000.000 | |
| | | Вкупно основна намена 01 | | 62,404.990 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 39 (позиции 820 до 827) | | 62,404.990 |
| | | РАЗДЕЛ 40. УПРАВА НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ | | |
| | | **Основна намена 01 — Средства за работа на органите на управата** | | |
| 828 | 01-1-1 | Средства за лични доходи на работниците | 94,530.980 | |
| 829 | 01-2 | Средства за материјални трошоци | 3,000.000 | |
| 830 | 01-3-1 | Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите | 378.030 | |
| 831 | 01-3-2 | Режиски трошоци во врска со одржување на зградите и опремата | 120,000.000 | |
| 832 | 01-3-2 | Набавка на опрема и реконструкција | 85,000.000 | |
| 833 | 01-3-2 | Осигурување на зградите и опремата | 3,540.000 | |
| 834 | 01-3-2 | Телефонски трошоци на заедничките централи | 12,023.490 | |
| 835 | 01-3-2 | Надомест за работа подолга од полното работно време и ноќна работа | 3,800.000 | |
| 836 | 01-3-2 | Работна облека, обувки и опрема за хигиенскотехничка заштита | 1,786.000 | |
| 837 | 01-3-2 | Придонес за користење на градското земјиште | 6,774.000 | |
| 838 | 01-3-2 | Транспортни услуги | 1,005.870 | |
| 839 | 01-3-2 | Трошоци за воспоставување на специјална телефонска врска | 9,350.000 | |
| 840 | 01-3-3 | Работи во врска со народната одбрана | 900.000 | |
| 841 | 01-4 | Набавка на опрема за новата деловна зграда на сојузните органи | 74,690.000 | |
| | | Вкупно основна намена 01 | | 416,778.370 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 40 (позиции 828 до 841) | | 416,778.370 |
| | | РАЗДЕЛ 41. АВТОСЕРВИС НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ | | |
| | | **Основна намена 01 — Средства за работа на органите на управата** | | |
| 842 | 01-1-1 | Средства за лични доходи на работниците | 46,231.690 | |
| 843 | 01-2 | Средства за материјални трошоци | 3,044.400 | |
| 844 | 01-3-1 | Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите | 360.640 | |
| 845 | 01-3-2 | Надомести за работа подолга од полното работно време | 5,964.490 | |
| 846 | 01-3-2 | Набавка на резервни делови и трошоци за други намени | 30,000.000 | |
| 847 | 01-3-2 | Надомести за надворешни соработници | 30.000 | |
| 848 | 01-3-2 | Набавка на опрема и патнички возила | 13,000.000 | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 849 | 01-3-2 | Набавка на алати и уреди | 250.000 | |
| 850 | 01-3-3 | Набавка на транспортни средства за потребите на народната одбрана | 5,000.000 | |
| | | Вкупно основна намена 01 | | 103,881.220 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 41 (позиции 842 до 850) | | 103,881.220 |
| | | РАЗДЕЛ 42. СЛУЖБА ЗА РАБОТИТЕ НА ПРЕВЕДУВАЊЕТО | | |
| | | **Основна намена 01 — Средства за работа на органите на управата** | | |
| 851 | 01-1-1 | Средства за лични доходи на работниците | 29,242.600 | |
| 852 | 01-2 | Средства за материјални трошоци | 2,500.000 | |
| 853 | 01-3-1 | Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите | 384.440 | |
| 854 | 01-3-2 | Надомест за работа подолга од полното работно време и ноќна работа | 1.700.000 | |
| 855 | 01-3-2 | Надомест за надворешни соработници | 1 800.000 | |
| 856 | 01-3-2 | Надомест за одвоен живот од семејството | 1.700.000 | |
| 857 | 01-3-2 | Патни трошоци во странство | 670.000 | |
| 858 | 01-3-2 | Стручно усовршување и специјализација на преведувачите за странски јазици | 600.000 | |
| 859 | 01-3-2 | Набавка и дополнување на опремата | 3.000.000 | |
| 860 | 01-3-2 | Средства за „устројување" банка на термини | 500.000 | |
| 861 | 01-3-3 | Работи во врска со народната одбрана | 100.000 | |
| | | Вкупно основна намена 01 | | 42,197.040 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 42 (позиции 851 до 861) | | 42,197.040 |
| | | РАЗДЕЛ 43. УПРАВА НА ОСТРОВОТ БРИОНИ | | |
| | | **Основна намена 01 — Средства за работа на органите на управата** | | |
| 862 | 01-1-1 | Средства за лични доходи на работниците | 28 202 100 | |
| 863 | 01-2 | Средства за материјални трошоци | 18 000.000 | |
| 864 | 01-3-1 | Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите | 364 310 | |
| 865 | 01-3-2 | Средства за лични доходи на сезонски работници и надворешни соработници | 10.640 000 | |
| 866 | 01-3-2 | Надомест за работа подолга од полното работно време | 1.500.000 | |
| 867 | 01-3-2 | Трошоци за одржување на објектите и опремата | 51.000.000 | |
| 868 | 01-3-2 | Набавка на опрема и инвентар | 8,500.000 | |
| 869 | 01-4 | Изградба и адаптација на објектите | 6.984.000 | |
| | | Вкупно основна намена 01 | | 125,190.410 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 43 (позиции 862 до 869) | | 125,190.410 |
| | | РАЗДЕЛ 44. ЈУГОСЛОВЕНСКА КОМИСИЈА ЗА СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИОТ ФОНД НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ПОМОШ НА ДЕЦАТА (UNICEF) | | |
| | | **Основна намена 01 — Средства за работа на органите на управата** | | |
| 870 | 01-3-2 | Патни трошоци во земјата и престој на странски функционери | 86.000 | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 871 | 01-3-2 | Патни трошоци во странство | 127.000 | |
| 872 | 01-3-2 | Печатење на билтени | 24.000 | |
| 873 | 01-3-2 | Придонес за UNICEF | 4,300.500 | |
| 874 | 01-3-2 | Обврски според програмата на UNICEF | 300.000 | |
| | | Вкупно основна намена 01 | | 4,837.500 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 44 (позиции 870 до 874) | | 4,837.500 |
| | | РАЗДЕЛ 45. ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ЗА ОПШТЕСТВЕНОПОЛИТИЧКИ И ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ | | |
| | | **Основна намена 06 — Други општи општествени потреби** | | |
| | | Општествено-политички организации | | |
| | | **Дотација за Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија** | | |
| 875 | 06-2 | Меѓународна дејност | 18,100.000 | |
| 876 | 06-2 | Работи во врска со народната одбрана | 1,650.000 | |
| 877 | 06-2 | Финансирање на програмата за научна документација на меѓународното работничко движење | 3,800.000 | |
| 878 | 06-2 | Весникот „Комунист" | 56,400.000 | |
| 879 | 06-2 | Билтенот „Југословенски политички месечник" | 2,900.000 | |
| 880 | 06-2 | Програма за финансирање на издавачките дејности за странство | 13,500.000 | |
| 881 | 06-2 | Финансирање на работата на политичката школа „Јосип Броз Тито" во Кумровец | 16,850.000 | |
| 882 | 06-2 | Издавање на собраните дела на Јосип Броз Тито | 10,200.000 | |
| | | **Дотација за Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија** | | |
| 883 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Сојузната конференција | 81,161.000 | |
| 884 | 06-2 | Дотација за весникот „Борба" | 91,000.000 | |
| 885 | 06-2 | За списанието „Југословенски преглед" — српскохрватско издание | 2,650.000 | |
| 886 | 06-2 | За списанието „Меѓународна политика" — српскохрватско издание | 2,850.000 | |
| 887 | 06 2 | За списанието „Жената денес" | 1,350.000 | |
| 888 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Југословенскиот совет за заштита на човековата средина | 4,100.000 | |
| 889 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Сојузната конференција „Месната заедница и семејството" | 1,600.000 | |
| 890 | 06-2 | Финансирање на посебно значајните меѓународни активности на општествените организации и здруженија на граѓаните | 3,990.000 | |
| | | **Дотација за Претседателството на Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија** | | |
| 891 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Конференцијата | 29,800.000 | |
| 892 | 06-2 | Прослава на Денот на младоста | 14,500.000 | |
| 893 | 06-2 | Меѓународниот семинар „Универзитетот денес" | 820.000 | |
| 894 | 06-2 | За весникот „Младост" | 10,960.000 | |
| 895 | 06-2 | За списанието „Идеи" | 2,800.000 | |
| 896 | 06-2 | За младинскиот фестивал на трудот | 1,050.000 | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | | **Дотација за Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Југославија** | | |
| 897 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Сојузот | 21,600.000 | |
| 898 | 06-2 | За весникот „4 јули" | 7,200.000 | |
| | | **Дотација за Црвениот крст на Југославија** | | |
| 899 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Претседателството | 14,022.000 | |
| 900 | 06-2 | Служба за барање | 1,700.000 | |
| 901 | 06-2 | Работи во врска со народната одбрана | 1,700.000 | |
| 902 | 06-2 | Медитеранска конференција на националните друштва на Црвениот крст и Црвениот полумесец | 1,000.000 | |
| 903 | 06-2 | Центар за обука на кадрите на Црвениот крст и Црвениот полумесец од земјите во развој и од неврзаните земји како и во тие земји | 3,750.000 | |
| 904 | 06-2 | Членарина за лигата и МКЦК | 865.000 | |
| 905 | 06-2 | Состанок во врска со балканската соработка | 400.000 | |
| 906 | 06-2 | Комисија на лигата на Црвениот крст и мир | 200.000 | |
| | | **Дотација за Југословенската лига за мир, независност и рамноправност на народите** | | |
| 907 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Лигата | 2,180.000 | |
| | | **Дотација за Сојузот на здруженијата за Обединетите нации на Југославија** | | |
| 908 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Сојузот | 645.000 | |
| | | **Дотација за Сојузот на резервните воени старешини на Југославија** | | |
| 909 | 06-2 | Финансирање на програмата за работа на Сојузот | 7,500.000 | |
| | | **Сојуз за физичка култура на Југославија** | | |
| 910 | 06-2 | Трошоци за меѓународни активности на подрачјето на физичката култура на Југославија | 99,600.000 | |
| 911 | 06-2 | Вонредна програма на спортските манифестации што се извршуваат само во 1980 година | 22,800.000 | |
| 912 | 06-2 | Трошоци на VIII медитерански игри | 37,539.000 | |
| | | **Народна техника — Сојуз на организациите за техничка култура на Југославија** | | |
| 913 | 06-2 | За меѓународни активности во областа на техничката култура на Југославија | 9,640.000 | |
| | | **Противпожарен сојуз на Југославија** | | |
| 914 | 06-2 | За противпожарна заштита | 1,928.000 | |
| | | Вкупно основна намена 06 | | 606,300.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 45 (позиции 875 до 914) | | 606,300.000 |

III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 5

Овој буџет влегува во сила на 1 јануари 1980 година.

**1000.**

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1980 ГОДИНА

Се прогласува Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1980 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 26 декември 1979 година.

ПР бр. 819
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ,** с. р.

## ЗАКОН

## ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1980 ГОДИНА

Член 1

Средствата за извршување на обврските утврдени во Буџетот на федерацијата за 1980 година (во натамошниот текст: Буџетот) ќе се обезбедат од царини и од други увозни давачки, сојузни такси, од дел од основниот данок на промет на производи, од приходите што со својата дејност ги остваруваат органите на федерацијата, од придонесот од републиките и од автономните покраини, како и од други приходи што се остваруваат врз основа на сојузни закони.

Член 2

Придонесот од републиките и од автономните покраини утврден во Буџетот, републиките и автономните покраини го уплатуваат секој месец во височина од една дванаесеттина од годишниот износ, во роковите утврдени за распоредување на приходите на Буџетот.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, републиките и автономните покраини износот од придонесот што претставува разлика помеѓу износот на една дванаесеттина од годишниот износ и износот што ќе го уплатат во јануари 1980 година ќе го уплатат во јануари 1981 година.

Ако одделна република односно автономна покраина не го уплати во текот на месецот придонесот во височината определена во став 1 на овој член, Службата на општественото книговодство, по налог од Сојузниот секретаријат за финансии, во рок од пет дена од денот кога го примила налогот, разликата меѓу износот на една дванаесеттина од годишниот износ на придонесот и уплатениот износ на придонесот во претходниот месец ќе го пренесе од остварените приходи на републиката односно на автономната покраина по корист на соодветната потформа на приходите од придонесите од републиките и од автономните покраини кон Буџетот, а за износите што во смисла на одредбата на став 2 од овој член не ќи ги уплатат до 31 јануари 1981 година — најдоцна во рок од пет дена од денот кога го примила налогот што е издаден по 31 јануари 1981 година.

Член 3

Ако приходите што со својата дејност ги остваруваат органите на федерацијата, како и други приходи што му припаѓаат на Буџетот, бидат погрешно наплатени или наплатени во износ поголем од пропишаниот, погрешно наплатениот или повеќе наплатениот износ ќе се врати првенствено врз товар на формата на приходите на која се уплатени, а ако такви приходи нема — врз товар на другите форми на приходите.

Решение за враќање на приходите од став 1 на овој член донесува сојузниот секретар за финансии, ако со сојузен закон не е определено поинаку.

Член 4

Ако средствата на Буџетот, распоредени на носителите и на корисниците на средствата, бидат погрешно исплатени или исплатени во износ поголем од пропишаниот, погрешно исплатениот или повеќе исплатениот износ ќе се врати во Буџетот.

Решение за враќање на средствата од став 1 на овој член донесува сојузниот секретар за финансии, ако со сојузен закон не е определено поинаку.

Член 5

Народната банка на Југославија може во 1980 година да ѝ одобрува на федерацијата кредит до височината на остварените приходи од царини и од други увозни давачки и такси во 1979 година.

Кредитот од став 1 на овој член се користи за финансирање на функциите на федерацијата искажани во Буџетот, како и за финансирање на поттикнувањето и унапредувањето на надворешнотрговската размена и на други економски односи со странство, сразмерно со распределбата на приходите од царини и други увозни давачки и такси за тие намени во 1980 година.

Приходите од царини и од други увозни давачки и такси остварени во 1980 година ѝ се уплатуваат, до височина на користењето на кредитот од став 1 на овој член, на Народната банка на Југославија и се користат за враќање на искористениот кредит од став 1 на овој член.

Член 6

Средствата на Буџетот, распоредени на органите на федерацијата за финансирање на редовна дејност и за посебни намени, ќе се користат:

1) за редовна дејност — врз основа на финансискиот план на органот на федерацијата;

2) за посебни намени — врз основа на претсметката што ја донесува функционерот кој раководи со органот на федерацијата ако задачите за кои се одобрени средствата непосредно ги извршува органот на федерацијата односно врз основа на програмата за користење на тие средства што ќе ја утврди функционерот кој раководи со органот на федерацијата ако органот на федерацијата не ги извршува непосредно задачите за кои се одобрени средствата.

Средствата од точка 2 на став 1 од овој член, утврдени со програмата за користење на средствата за посебни намени, се користат врз основа на решението односно на договорот што функционерот кој раководи со органот на федерацијата ќе го склучи со непосредниот корисник на средствата.

Член 7

Располагањето и користењето на средствата што во Буџетот се обезбедуваат за финансирање на потребите на народната одбрана, користењето на тие средства и контролата на материјалното и финансиското работење во единиците и во установите на

Југословенската народна армија, се врши според одредбите од Законот за средствата и финансирањето на Југословенската народна армија.

Член 8

Измена на намената и височината на средствата утврдени во Буџетот за редовна дејност на органите на федерацијата и за посебни намени, во рамките на вкупните средства утврдени за тие намени, врши Сојузниот извршен совет, а измена на намената и височината на средствата за редовна дејност на Собранието на СФРЈ и за неговите посебни намени — Административната комисија на Собранието на СФРЈ.

Средствата утврдени во Буџетот за задачите и работите во органите на федерацијата за кои е предвидено дека ќе се врши прием на работници, односно избор или именување на функционери, односно назначување на раководни работници, ќе се користат од денот на приемот на работа односно на изборот или именувањето односно назначувањето, врз основа на решение на сојузниот секретар за финансии.

Средствата утврдени во Буџетот за усогласување на личните доходи на работниците, на раководните работници и на функционерите можат да се користат врз основа на акт од Административната комисија на Собранието на СФРЈ — за функционери што ги избира или именува Собранието на СФРЈ; врз основа на акт од Претседателството на Собранието на СФРЈ — за раководните работници што ги назначува тоа; врз основа на акт од Претседателството на СФРЈ — за негови членови и за членови на Советот на федерацијата, и врз основа на акт од Сојузниот извршен совет — за работниците во органите на федерацијата и за раководните работници што ги назначува тој.

Средствата предвидени во Буџетот за потребите за заедничка потрошувачка се пренесуваат во фондот за заедничка потрошувачка на органите на федерацијата, во согласност со одредбите на Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот на средствата за лични доходи и други примања на работниците во органите на федерацијата, врз основа на решение на сојузниот секретар за финансии.

Член 9

Измена на намената и височината на средствата утврдени во рамките на одделен раздел на Буџетот врши наредбодавецот, во согласност со сојузниот секретар за финансии.

Член 10

Средствата утврдени во Буџетот за финансирање на научноистражувачки проекти и научни студии, освен за потребите на Собранието на СФРЈ, ќе се користат врз основа на програми што ги донесува Сојузниот извршен совет.

Член 11

Средствата утврдени во Буџетот на федерацијата за 1979 година за нестопански инвестиции, што се ангажирани, а не се потрошени до крајот на 1979 година, можат за тие инвестиции да се користат и во 1980 година.

Средствата што на одделни корисници се помалку предвидени во Буџетот во однос на средствата што се утврдени со законите за финансирање на долгорочните програми на нестопански инвестиции за 1980 година, ќе се обезбедат во буџетите на федерацијата за наредните години.

Корисниците на средствата за нестопански инвестиции што извештајот за извршување на работите и за потрошок на средствата за претходната година не ќе го поднесат во рокот утврден со сојузен закон, средствата од тековната година не можат да ги користат до денот на поднесувањето на извештајот до Собранието на СФРЈ.

Средствата од Буџетот што се распоредени на носителите и на корисниците на средствата, а не се потрошени за периодот за кој Буџетот е донесен, се враќаат во тој Буџет најдоцна до 31 јануари 1981 година, односно, седум дена по истекот на тој рок на распоредната група, односно подгрупа расходи од која средствата се распоредени.

Член 12

Средствата предвидени во Буџетот за трошоците на Институтот за безбедност и општествена самозаштита во врска со давање услуги на странски служби и на трети лица во земјата, можат да се користат до износот на остварените приходи, а најмногу до износот од 65.000.000 динари.

Член 13

За намирување на обврските на федерацијата од поранешните години, до усвојување на пресметките на обврските на федерацијата за претходната година и за поранешните години по завршните сметки на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување, ќе се издвојат 15% од износот на средствата за бенефицирани пензии на борците (без воените пензии) во Буџетот, а преостанатиот износ од тие средства ќе го распореди Сојузниот извршен совет на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување како аконтација за 1980 година.

Обврските на федерацијата од поранешните години ќе се исплатат по решението коешто по прегледот на пресметките на обврските на федерацијата што ќе го изврши Буџетската инспекција на Сојузниот секретаријат за финансии, го донесува Сојузниот секретар за финансии.

Наменските дополнителни средства за Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Социјалистичка Република Црна Гора ќе се користат согласно со одредбите на ст. 1 и 2 од овој член.

Член 14

Средствата утврдени во Буџетот за покритие на обврските за повластено возење во патничкиот сообраќај ќе се употребат за исплати на надомести на организациите на здружен труд што се занимаваат со превоз на патници за извршените бесплатни и повластени превози на лица на кои тие права им се признати со сојузни прописи, на начинот што ќе го пропише Сојузниот извршен совет.

Член 15

Во текот на извршувањето на Буџетот нема да се пресметува камата на износот на ненамирените обврски на федерацијата.

Член 16

Со одобрувањето на завршната сметка на Буџетот не престанува дисциплинската, материјалната и кривичната одговорност на наредбодавците и на сметкополагачите за несовесно или незаконито користење и располагање со средствата на Буџетот.

Член 17

Сојузниот секретаријат за финансии е должен до 25-ти во месецот за претходниот месец да достави до надлежните тела на Собранието на СФРЈ, до Сојузниот извршен совет, до извршните совети на собранијата на републиките и до извршните совети на собранијата на автономните покраини извештај за извршувањето на Буџетот.

Заради остварување на функциите на Собранието на СФРЈ во областа на извршувањето на Буџетот на федерацијата, Сојузниот извршен совет ќе

го известува тримесечно Собранието на СФРЈ за извршувањето на Буџетот.

Член 18

Буџетот се извршува од 1 јануари 1980 година до 31 јануари 1981 година.

Приходите на Буџетот од царини и од други увозни давачки и такси, а за стоките увезени до 31 декември 1980 година, приходите од придонесот од републиките и од автономните покраини од 1980 година и дел од приходите од основниот данок на промет на производи, за прометот остварен до 31 декември 1980 година, што ќе се наплатат до 31 јануари 1981 година се уплатуваат во корист на Буџетот. Тие приходи можат да се распоредуваат на носителите и на корисниците на средствата најмногу до износите што се утврдени во Буџетот.

Член 19

Средствата на придонесите за станбена изградба, пресметани и уплатени од личните доходи и надоместите на личните доходи на делегатите и на функционерите односно на раководните работници избрани или именувани односно назначени, што се исплатуваат од Буџетот, ќе се издвојат на посебна сметка.

Средствата од став 1 на овој член можат во текот на годината да се употребуваат за изградба, адаптација и реконструкција на становите за потребите на лицата од тој став.

Сојузниот извршен совет ќе ги пропише условите за користење на средствата од став 1 на овој член.

Член 20

Сојузните органи на управата и сојузните организации се должни до 28 февруари 1980 година да утврдат програми за мерки и акции за штедење и рационално користење на средствата на Буџетот со кои располагаат.

Сојузниот извршен совет дава согласност на програмите од став 1 на овој член.

Сојузните органи на управата и сојузните организации што не ќе ги поднесат програмите до Сојузниот извршен совет до рокот од став 1 на овој член, можат месечно да ги користат средствата на Буџетот најмногу до износот на една дванаесеттина од средствата со кои располагале во 1979 година.

Член 21

Заради обезбедување законито користење на средствата на Буџетот, Сојузниот секретаријат за финансии врши непосредна контрола на наплатувањето на приходите и на трошењето на средствата за одделни намени, како и на финансиското и материјалното работење на корисниците на средствата на Буџетот.

Непосредна контрола од став 1 на овој член врши Буџетската инспекција на Сојузниот секретаријат за финансии.

Под непосредна контрола на наплатување на приходите и на трошење на средствата за одделни намени, во смисла на став 1 од овој член, се подразбира:

1) контрола на уплатување на изворните приходи на Буџетот и пресметување и уплатување на придонесот од републиките и од автономните покраини;

2) контрола на пресметување, на исплатување и наменско користење на средствата од Буџетот за намените утврдени со Буџетот по основ на обврските на федерацијата за финансирање на органите на федерацијата, народната одбрана, боречката и инвалидската заштита, нестопанските инвестиции, инвестициите и интервенциите во стопанството, како и на обврските по основ на дополнителни средства на стопански недоволно развиените републики и Социјалистичка Автономна Покраина Косово.

Ако во постапката на непосредна контрола од став 1 на овој член се утврдат незаконитости, ќе се донесе решение со кое ќе му се нареди на корисникот на средствата во оставениот рок во Буџетот да го уплати неуплатениот приход на Буџетот, да ги врати во Буџетот ненаменски потрошените, односно незаконито исплатените средства на Буџетот на федерацијата и да преземе други мерки за отстранување на утврдените неправилности во поглед на извршувањето на Буџетот. Решение донесува Сојузниот секретар за финансии или лице овластено од него, и е конечно во управна постапка.

Решението со кое е определена мерка за уплата на неуплатениот приход на Буџетот и враќање на средствата во Буџетот го извршува Службата на општественото книговодство кај која се води жиро сметката, односно друга сметка на должникот.

Решението од став 5 на овој член се извршува без донесување заклучок за дозвола на извршување.

Во случај од став 4 на овој член, буџетскиот инспектор е должен до надлежниот орган да поднесе пријава заради преземање мерки поради повреда на прописите.

Член 22

Испоставување налог за плаќање врз товар на жиро-сметката на Буџетот врши Службата на општественото книговодство на Југославија, врз основа на плановите и решенијата за извршување на Буџетот што ги прими од Сојузниот секретаријат за финансии.

Член 23

Овој закон влегува во сила на 1 јануари 1980 година.

---

**1001.**

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ОБЕМ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1979 ГОДИНА

Се прогласува Законот за измени на Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1979 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 декември 1979 година.

ПР бр. 823
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито, с. р.**

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ, с. р.**

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ОБЕМ НА РАСХОДИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за утврдување на вкупниот обем на расходите на Буџетот на федерацијата за 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/78) во член 1 износот: „99.409,900.000" се заменува со износот „102.209,500.000".

Член 2

Во член 2 износот: „62.522,200.000" се заменува со износот: „65.321,800.000".

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**1002.**

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНЕНИЈАТА НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1979 ГОДИНА

Се прогласуваат Измените и дополненијата на Буџетот на федерацијата за 1979 година, што ги усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 26 декември 1979 година.

ПР бр. 821
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ,** с. р.

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Во Буџетот на федерацијата за 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/78) во член 1 во точка 1 износот: „62.522,200.000" се заменува со износот: „65.321,800.000", а во точка 2 износот: „99.409,900.000" со износот: „102.209,500.000".

Член 2

Во член 3 во Билансот на приходите и расходите на Буџетот на федерацијата за 1979 година, во Оддел I Приходи, се вршат следните измени:

1) во Вид 06. Царини и посебни давачки, во формата на приходите 06-1 Царини, износот: „9.367,860.000 се заменува со износот: „11.587,460.000", а во ставката Вкупно вид 06. Царини и посебни давачки, износот: „21.881,400.000" се заменува со износот: „24.202.000.000";

2) во Вид 07. Приходи според посебни сојузни прописи, приходи на органите на управата и други приходи, во формата на приходите 07-2 Приходи на органите на управата, износот: „1.539 000 000" се заменува со износот: „2.119,000.000", во потформата на приходите 07-2-1 Приходи на сојузните органи и организации, износот: „1.539,000.000" се заменува со износот: „2.119,000.000", а во ставката Вкупно вид 07. Приходи според посебни сојузни прописи, приходи на органите на управата и други приходи, износот: „2.306,900.000" се заменува со износот: „2 886,900.000";

3) во ставката Вкупни приходи за распоред, износот: „99.409,900.000" се заменува со износот: „102.209,500.000".

Во оддел II Распоред на приходите, се вршат следните измени:

1) во ставката Основна намена 02. Народна одбрана и општествена самозаштита, во распоредната подгрупа 02-1-2 Средства за покритие на расходите врзани за вршење услуги на корисниците надвор од ЈНА, износот: „920,000.000" се заменува со износот: „1.500,000.000", во распоредната подгрупа 02-2-2 Средства за Југословенската народна армија според пресметката за претходната година, износот: „2.307,000.000" се заменува со износот: „4.307,000.000" а износот: „52.471,000.000" — со износот: „55.051,000.000", и во ставката Вкупно основна намена 02 — Народна одбрана и општествена самозаштита износот: „52.471,000.000" се заменува со износот: „55.051,000.000";

2) во ставката Основна намена 03. Нестопански инвестиции, во распоредната група 03-1 Средства за нестопански инвестиции, износот: „2.177,000.000" се заменува со износот: „2.286,000.000" а во ставката Вкупно основна намена 03. Нестопански инвестиции, износот: „2.177,000.000" — со износот: „2.286,000.000";

3) во ставката Основна намена 05. Придонеси и дополнителни средства за буџетите на други општествено-политички заедници, во распоредната подгрупа 05-2-1 Дополнителни средства за буџетите на републиките и на автономните покраини, износот: „7.823,200.000" се заменува со износот: „8.099,000.000", во распоредната подгрупа 05-2-2 Посебни дополнителни средства за буџетите на републиките и на автономните покраини, износот: „1.008,000.000" се заменува со износот: „2.403,300.000" а износот: „8 831,200.000" — со износот: „10.502 300.000", и во ставката Вкупно основна намена 05. Придонеси и дополнителни средства за буџетите на други општествено-политички заедници, износот: „8.831.200.000" се заменува со износот: „10.502,300.000";

4) во ставката Основна намена 09. Орочени и издвоени средства и обврски од поранешните години, во распоредната подгрупа 09-4-2 Обврски по други кредити и други обврски од поранешните години, износот: „7.273,500.000" се заменува со износот: „5.713,000.000", а во ставката Вкупно основна намена 09. Орочени и издвоени средства и обврски од поранешните години, износот: „7.273.500.000" се заменува со износот: „5.713,000.000";

5) во ставката Вкупно распоредени и нераспоредени приходи, износот: „99.409,900.000" се заменува со износот: „102,209.500".

Член 3

Во член 4, во уводната реченица, износот: „99.409,900.000" се заменува со износот: „102.209,500.000".

Во посебниот дел на Буџетот на федерацијата за 1979 година се вршат следните измени:

1) Во Раздел 13. Сојузен секретаријат за народна одбрана, во ставката Основна намена 02 — Народна одбрана, во позицијата 223, распоредна подгрупа 02-1-2 Средства за покритие на расходите вршени за вршење услуги на корисниците надвор од Југословенската народна армија, износот: „920,000.000“ се заменува со износот: „1.500,000.000“, во позицијата 224, распоредна подгрупа 02-2-2 Средства за покритие на обврските од претходните години, износот: „2.307,000.000“ се заменува со износот: „4.307,000.000“, во ставката Вкупно основна намена 02, износот: „52.471,000.000“ се заменува со износот: „55.051,000.000“, а во ставката Вкупно раздел 13 (позиции 222 до 224) износот „52.471,000.000“ се заменува со износот: „55.051,000 000“;

2) во Раздел 15. Сојузен секретаријат за финансии Глава 1. Секретаријат, во ставката Основна намена 05. Придонеси и дополнителни средства за буџетите на други општествено-политички заедници, во позицијата 283, распоредна група 05-2 Дополнителни средства за Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, износот: „3.121,700.000“ се заменува со износот: „3.232,400.000“, во позицијата 284, распоредна група 05-2 Дополнителни средства за Социјалистичка Република Македонија износот: „1.422,600.000“ се заменува со износот: „1.473,100.000“, во позицијата 285, распоредна група 05-2 Дополнителни средства за Социјалистичка Република Црна Гора износот: „1.080.200.000“ се заменува со износот: „1.730.700.000“, во позицијата 286, распоредна група 05-2 Дополнителни средства за Социјалистичка Автономна Покраина Косово, износот: „3.206.700.000“ се заменува со износот: „4.066.100.000“, и во ставката Вкупно основна намена 05, износот: „8.831,200.000“ се заменува со износот: „10.502.300.000“.

Во ставката Основна намена 09 Орочени и издвоени средства и други обврски од поранешните години, во позицијата 302, распоредна група 09-4-2 Ненамирени обврски по основ на Буџетот на федерацијата за 1978 година, износот: „1.630,700.000“ се заменува со износот: „84,700.000“, а по позицијата 303 се додава нова позиција 303а, која гласи:

„303а 09-4-2 Обврски спрема Меѓународната банка за обнова и развој — за изградбата на Хидросистемот „Ибар—Лепенац“ „35,500.000“.

Во ставката Вкупно основна намена 09, износот: „7.273,500.000“ се заменува со износот: „5.713.500.000“, во ставката Вкупно Глава 1, износот: „23.140,213.250“ се заменува со износот: „23.250.813.250“ во ставката Вкупно раздел 15 (позиции 249 до 314) износот: „23.188.506.980“ се заменува со износот: „23.299,106.980“;

3) Во Раздел 26. Сојузна управа за царини, Основна намена 03 — Нестопански инвестиции во позицијата 636, распоредна група 03-1 Финансирање на програмата за модернизација на царинската служба, износот: „208,000.000“ се заменува со износот: „317,000.000“, во ставката Вкупно основна намена 03, износот: „208,000.000“ се заменува со износот: „317,000 000“ и во ставката Вкупно раздел 26 (позиции 614 до 636), износот: „946,196.010“ се заменува со износот: „1.055,196.010“.

Член 4

**Овие измени и дополненија влегуваат во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.**

**1003.**

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЕКЦИЈАТА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1980 ГОДИНА, ПРОЕКЦИЈАТА НА ДЕВИЗНИОТ БИЛАНС НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1980 ГОДИНА И ИЗНОСОТ НА ДЕВИЗИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ВО 1980 ГОДИНА

Се прогласува Законот за привремено утврдување на Проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1980 година, Проекцијата на девизниот биланс на Југославија за 1980 година и износот на девизите за потребите на федерацијата во 1980 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 декември 1979 година.

ПР бр. 826
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЕКЦИЈАТА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1980 ГОДИНА, ПРОЕКЦИЈАТА НА ДЕВИЗНИОТ БИЛАНС НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА 1980 ГОДИНА И ИЗНОСОТ НА ДЕВИЗИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ВО 1980 ГОДИНА

Член 1

Привремено се утврдуваат Проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1980 година и Проекцијата на девизниот биланс, на Југославија за 1980 година, што претставуваат составен дел во заедничката девизна политика во 1980 година.

Член 2

Остварувањето на проекциите од член 1 на овој закон во 1980 година ќе се врши според тримесечната динамика што ќе ја утврдат надлежните органи на републиките односно на автономните покраини, а во рамките на утврдените платнобилансни и девизнобилансни позиции на републиките и автономните покраини во единствената проекција на платниот биланс и на девизниот биланс на Југославија за 1980 година.

Член 3

За потребите на федерацијата во 1980 година привремено се утврдува вкупен износ на девизи во динарска противвредност од 18.045,094.000 динари.

Средствата од став 1 на овој член привремено се распоредуваат, и тоа:

| | Динари |
|---|---|
| 1) за потребите на материјалните резерви во федерацијата | 2.211,225.000 |
| 2) за потребите на органите на федерацијата за потребите на остварувањето на правата и должностите на федерацијата | 15.153,769.000 |

| | Динари |
|---|---|
| 3) за потребите на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрз развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини | 604,000.000 |
| 4) за потребите на Фондот на солидарноста со неврзаните земји и со земјите во развој | 71,100.000 |

Средствата утврдени во точ. 1, 3 и 4 од став 2 на овој член ќе се користат врз основа на решението на Сојузниот извршен совет.

Член 4

Обемот на девизите и правата за купување девизи за потребите на органите на федерацијата и за остварување на правата и должностите на федерацијата утврдени во член 3 став 2 точка 2 од овој Закон, Сојузниот извршен совет привремено ќе ги распореди на одделни органи на федерацијата.

Односот помеѓу конвертибилните девизи и клириншките девизи привремено ќе го утврди Сојузниот извршен совет, со тоа што во вкупниот износ распореден според став 1 од овој член износот на конвертибилните девизи да не може да биде поголем од 80%.

Член 5

Овој закон останува во сила до конечното донесување на Одлуката за усвојување на Проекцијата на платниот биланс на Југославија за 1980 година, Одлуката за усвојување на Проекцијата на девизниот биланс на Југославија за 1980 година и Одлуката за утврдување на вкупниот износ на девизите за потребите на федерацијата во 1980 година, а најдолго една година од денот на неговото донесување.

Член 6

Овој закон влегува во сила на 1 јануари 1980 година.

---

**1004.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 и член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 20 од Законот за паричниот систем, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 декември 1979 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ЕМИСИОНА И ПАРИЧНА ПОЛИТИКА И НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1980 ГОДИНА

1. Основни цели и задачи на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1980 година се првенствено урамнотежувањето на стоковно-паричните односи и забавањето на порастот на цените, поддржувањето на утврдените цели во областа на платниот биланс, а во согласност со тоа и поддржувањето на остварувањето на предвидениот пораст на производството.

2. Заради остварување на целите од точка 1 на оваа одлука, со монетарно-кредитната политика ќе се обезбеди и динамички ќе се сообрази порастот на паричната маса што е потребен за непречено вршење на плаќањата, во рамките на предвидениот пораст на номиналниот општествен производ, со тоа што поголемиот дел ќе биде насочен кон организациите на здружен труд во стопанството.

Потребниот пораст на паричната маса ќе се обезбеди со соодветно регулирање на кредитниот потенцијал на банките преку примарната емисија и со промените на стапките на задолжителната резерва на банките кај Народната банка на Југославија, со регулирањето на обемот и динамиката на порастот на пласманите на банките, како и со купување и продажба на странски средства на плаќање на девизниот пазар во Југославија, во согласност со заедничката девизна политика.

Со своите годишни планови и акти за деловната политика во 1980 година банките ќе обезбедат вкупните банкарски пласмани да растат најмногу до предвидениот номинален растеж на општествениот производ.

Со самоуправна спогодба, во согласност со сезонските потреби на стопанството, банките ќе ги усогласат нивото и динамиката на своите пласмани во рамките на утврдениот вкупен обем на банкарските пласмани од став 3 на оваа точка.

3. Банките треба да ги усогласуваат своите пласмани со расположивите извори на средства и со нивната рочност, заради обезбедување на својата глобална ликвидност и одржување на тековната, дневна ликвидност.

Народната банка на Југославија врз надминувањето на повремените краткотрајни осцилации во ликвидноста на банките ќе влијае првенствено со привремени промени на стапката на задолжителната резерва и на условите за монетизација на хартиите од вредност.

4. Банките ќе ја обезбедуваат потребната ликвидност на стопанството преку креирање на парите со монетизација на краткорочните преносливи хартии од вредност на организациите на здружен труд од областа на стопанството издадени врз основа на стоковно-паричните работи, како и преку краткорочни кредити засновани врз потребите на организациите на здружен труд од областа на стопанството кои произлегуваат од нивните стоковно-парични работи.

Заради забрзување на процесот на здружувањето на труд и средства и на намалувањето на кредитните односи во стопанството, интерните, основните и здружените банки во своите самоуправни општи акти ќе ги предвидат условите за поттикнување на развојот на разни форми на здружување на труд и средства. Банките ќе развиваат форми и начини на своето ангажирање во работите на здружувањето труд и средства, од давањето на стручни услуги, посредување меѓу здружувачите и корисниците на средства и прибавување и собирање на дополнителни средства, до учествувањето во тие работи преку пласмани на средствата за кои во банките се определуваат корисниците.

Преку кредитната политика на републиките и автономните покраини ќе се преземаат потребните мерки и активности за поттикнување на здружувањето на труд и средства.

Народната банка на Југославија ќе ги испита можностите и во рамките на парично-кредитната политика ќе го поттикнува здружувањето на средства за тековна репродукција.

Во почетокот на 1980 година Сојузниот извршен совет ќе подготви конкретна програма на мерките за рационализација на системот на плаќањата и платниот промет. Програмата треба да ги опфати и мерките за кои би биле потребни и измени на законските прописи.

Во согласност со Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 во 1980 година, Сојузниот секретаријат за финансии, Службата на општественото книговодство на Југославија, Народната банка на Југославија и Здружението на банките на Југославија ќе ги извршат потребните подготовки за да се почне експерименталната примена на верижниот начин на плаќање.

Народната банка на Југославија, во соработка со Сојузниот секретаријат за финансии, до 31 јуни 1980 година ќе ги предложи соодветните мерки за унапредување и забрзување на девизниот платен промет.

5. Примарната емисија ќе се користи како инструмент за регулирање на порастот на паричната маса, во согласност со точка 2 став 1 од оваа одлука, и како инструмент за поврзување на тековите на емисијата на пари со репродукционите текови на општественото стопанство.

Претежен дел од средствата на примарната емисија во 1980 година ќе се насочи кон организациите на здружен труд од областа на стопанството, и тоа:

1) со купување на краткорочни преносливи хартии од вредност што ги издаваат организациите на здружен труд од областа на стопанството врз основа на стоковно-паричните работи и со давање кредити на банките врз основа на тие хартии од вредност и врз подлога на странски хартии од вредност, во согласност со сојузниот закон;

2) со учество на примарната емисија во финансирањето на приоритетните селективни намени утврдени со Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 година и со договорите за основите на тој план, како и во кредитирањето на залихите на јаглен кај термоелектраните, другите големи потрошувачи во стопанството и кај трговијата во поголемите потрошувачки центри.

Ако порастот на примарната емисија во текот на 1980 година би бил поголем од порастот остварен во 1979 година, Сојузниот извршен совет ќе поднесе извештај за тоа до Собранието на СФРЈ.

6. Селективната кредитна политика ќе се спроведува преку самоуправни спогодби на банките со кои ќе се обезбеди учество на нивните средства во кредитирањето и другите форми на финансирање на приоритетните намени утврдени со Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 година, со Резолуцијата за политиката на остварување на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 во 1980 година и со Одлуката на Сојузниот извршен совет за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1980 година.

Заради поефикасно функционирање на организираниот откуп и на залихите на основни земјоделски производи во резервите кај преработувачите и во потрошувачките центри, неопходно е банките преку самоуправни спогодби со својата кредитна политика да го поддржат создавањето на овие резерви. Народната банка на Југославија, во границите на расположивите монетарни рамки, ќе ја поддржува политиката на банките во кредитирањето на создавањето на овие резерви, во согласност со Договорот за основите на Општествениот план на Југославија за развој на агроиндустрискиот комплекс во периодот од 1976 до 1980 година.

7. Народната банка на Југославија, со мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика а во границите на расположивите монетарни рамки, ќе го поддржи самоуправното здружување на средствата на банките кај Југословенската банка за меѓународна економска соработка за потребите на рефинансирање, за да се обезбедат дополнителни средства за кредитирање на изво[illegible] и бродови и изведување на инвестициони работи во странство на кредит.

Народната банка на Југославија во 1980 година ќе ѝ одобрува на Југословенската банка за меѓународна економска соработка краткорочни кредити за рефинансирање на извозот на опрема и бродови на кредит и изведување на инвестициони работи во странство на кредит.

Народната банка на Југославија, до донесувањето на посебен сојузен закон, а најдоцна до крајот на 1980 година, може да ѝ го одложи на Југословенската банка за меѓународна економска соработка плаќањето на втасаните отплати по долгорочниот кредит што врз таа банка е пренесен врз основа на Одлуката за условите, начинот и постапката за пренесување на средствата, правата и обврските по кредитите дадени на Фондот за кредитирање и осигурување на извозни работи врз Југословенската банка за меѓународна економска соработка („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/79).

8. Народната банка на Југославија, со мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика а во границите на расположивите монетарни рамки, ќе го поддржи спроведувањето на Самоуправната спогодба на банките за начинот на обезбедување средства за кредитирање на стопанството на Социјалистичка Автономна Покраина Косово за трајни обртни средства.

9. Народната банка на Југославија може, до донесувањето на посебен сојузен закон, а најдоцна до 30 јуни 1980 година, да го одложи наплатувањето на кредитите дадени на банките до 15 април 1979 година за намените од став 2 точка 4 на Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1978 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/78, 3/79 и 7/79) кои втасале односно кои ќе втасаат за враќање, а кои банките не можат да ги наплатат од организациите на здружен труд од територијата на СР Црна Гора што претрпеле штета од земјотресот во април 1979 година.

10. Средствата за финансирање на дефицитот на буџетот на федерацијата во 1980 година ќе се обезбедат од примарната емисија врз основа на посебен сојузен закон.

11. Во политиката на каматните стапки на Народната банка на Југославија во 1980 година ќе се продолжи со диференцирањето на активните и пасивните стапки на камата, во согласност со целите на заедничката монетарно-кредитна политика и со ориентација создавањето на вишоците на приходите над расходите во народните банки да се сведе на минимум.

12. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1980 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 211
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
**Зоран Полич**, с. р.

како и со предвидениот обем на суфицитот односно дефицитот на девизниот биланс на Југославија.

Народните банки на републиките односно народните банки на автономните покраини ќе воспоставaт контрола над усогласувањето на обемот и условите за увоз и задолжување во странство и за преземање на други обврски за плаќање во странство со остварувањето на девизниот прилив по основ на извозот и на други девизни приходи предвидени со проекциите на девизнобилансните позиции на републиките и на автономните покраини во единствената проекција на девизниот биланс на Југославија.

Народните банке на републиките и народните банки на автономните покраини од денот на влегувањето во сила на оваа одлука до 31 декември 1980 година можат да прифатат пријави за склучени договори за увоз на стоки во конвертибилни девизи како и да заверуваат налози за плаќање на увоз од консигнационен склад во Југославија во конвертибилни девизи, само до износот на реализираниот извоз во 1980 година во конвертибилни девизи зголемен за салдото на дефицитот планирано во проекцијата на платнобилансната позиција и девизнобилансната позиција на републиката и автономната покраина, според кварталната динамика.

Заради штедење на девизни средства на организациите на здружен труд и на другите општествени правни лица, ќе се преземаат и мерки на сите сектори на нестоковното работење со кои ќе се обезбеди контрола на одливот на девизи по овој основ.

Во републичките и покраинските самоуправни интересни заедници за економски односи со странство ќе се изработат планови за стоковен и нестоковен одлив на девизи што се засновани врз плановите на економските односи со странство односно врз плановите за прилив и одлив на девизи на сите членови на интересните заедници што ќе се усогласуваат во Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство. Збирот на така усогласениот стоковен и нестоковен одлив на девизи не може да биде поголем од збирот на поединечните износи предвидени во проекциите на платнобилансните и девизнобилансните позиции на републиките и на автономните покраини.

Во Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство ќе се утврдат до 31 октомври 1980 година единствени критериуми и постапка врз основа на кои до 30 ноември 1980 година, во рамките на републичките и покраинските самоуправни интересни заедници за економски односи со странство, ќе се склучи самоуправна спогодба за начинот и постапката за остварување на договорениот обем на увозот на стоки и услуги и плаќања, што можат да го остварат членовите на тие заедници од територијата на републиките и покраините, вклучувајќи го и правото врз основа на компензација поради забрана или ограничување на извозот, како и условите, начинот и постапката за плаќање на стоките што претставуваат сојузни стоковни резерви за 1981 година.

Во согласност со Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 година и со Резолуцијата за остварување на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 во 1980 година, стоковниот режим на надворешнотрговскиот промет ќе се приспособува кон утврдената политика на развојот.

### Политика за заштита на домашното производство

4. Во политиката за заштита на домашното производство во 1980 година ќе продолжи политиката за царинска заштита утврдена во Царинскиот закон и во Законот за Царинската тарифа, како инструмент на долгорочната царинска политика.

Во политиката за заштита на домашното производство ќе се диференцира степенот на заштита за оној дел од увозот што е во функција на политиката на развојот утврден со Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 година, со договорите за основите на Општествениот план на Југославија за определени дејности (машиноградба, неметали, црна и обоена металургија, базна хемија и др.), како и со Договорот за посебните мерки на економската политика за поттикнување на договорениот развој на дејностите од посебно значење за остварувањето на политиката на вкупниот развој на земјата утврдена во Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 година.

### Политика на курсот на динарот

5. Заради остварување на целите и задачите на економската политика во областа на економските односи со странство, согласно со општата политика за стабилизација на стопанските движења, ќе се води политика на реален курс на динарот во 1980 година, заради обезбедување поповолни услови за учество на организациите на здружен труд во меѓународната поделба на трудот и за одржување на надворешната ликвидност на земјата.

Во настојување да се формира реално ниво на курсот на динарот на домашниот девизен пазар во однос на странските валути, Сојузниот извршен совет ќе го утврдува курсот на динарот спрема една или повеќе конвертибилни валути, како основица за формирање на интервенциони курсеви на Народната банка на Југославија, како и границите на дозволеното отстапување на интервенционите курсеви од такаутврдената основица.

Во согласност со утврдената политика на курсот на динарот Народната банка на Југославија, во согласност со меѓувалутарните односи што се формираат на странскиот девизен пазар, ќе интервенира на домашниот девизен пазар.

Народната банка на Југославија, заедно со народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, до крајот на првиот квартал на 1980 година поблиску ќе ја разработат единствената методологија за утврдување и следење на политиката на курсот на динарот. Народната банка на Југославија ќе врши систематско проучување на промените на меѓувалутарните односи на странските девизни пазари и на други движења релевантни за спроведување на политиката за реален курс на динарот. Исто така ќе организира редовно, еднообразно известување на надлежниот орган за спроведување на утврдената политика на курот на динарот.

Во согласност со принципите на реалниот и единствениот курс на динарот во текот на 1980 година ќе се врши меѓусебно усогласување на курсот на конвертибилните валути и курсот на клириншките валути, што се формираат на девизниот пазар, по потреба, а најмалку тримесечно.

### Политика на девизните резерви

6. Со политиката на девизните резерви во 1980 година ќе се обезбеди потребната ликвидност во плаќањата спрема странство. За таа цел, најмалото ниво на вкупните девизни резерви, што ги вклучува девизните резерви со кои ракува Народната банка на Југославија и девизните резерви со кои ракуваат овластените банки, ќе се движи на нивото што им одговара на двомесечните вкупни плаќања спрема странство.

Народната банка на Југославија ќе обезбеди со вкупните девизни резерви да се задоволи легитимната побарувачка на девизи, како и непречено

да се одвиваат сите плаќања спрема странство засновани врз прописите што го регулираат тоа. Народната банка ќе ја откупи вкупната домашна понуда на девизи во валутите во кои таа интервенира на меѓубанкарски состанок на девизниот пазар.

Заради одржување на потребната структура и обезбедување на непречено плаќање спрема странство, што го врши Народната банка на Југославија, Народната банка на Југославија може на меѓубанкарски состанок на девизниот пазар, по потреба, да купува и да продава девизи со кои таа не интервенира, а кои се предмет на купување и продажба на девизниот пазар и на меѓубанкарски состанок на девизниот пазар.

Заради зачувување на девизната супстанција односно на куповната моќ на расположивите девизни резерви, Народната банка на Југославија, во зависност од меѓувалутните односи што ќе се формираат на странскиот девизен пазар, ќе врши замена на една валута за друга.

Народната банка на Југославија, заедно со народните банки на републиките и со народните банки на автономните покраини систематски ќе го следат спроведувањето на утврдената политика на девизни резерви и за тоа ќе го известуваат Сојузниот извршен совет и Собранието на СФРЈ.

**Политика на кредитните односи со странство**

7. Врз основа на Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 во 1980 година заради реализација на проекцијата на платниот биланс и проекцијата на девизниот биланс на Југославија, треба да се обезбеди поефикасно и порационално остварување на финансиска соработка со странство заради задоволување на потребите на стопанскиот развој на земјата.

За таа цел, треба да се обезбеди непосредно учество на организациите на здружен труд како основни субјекти на креирањето и остварувањето на политиката на кредитно-финансиските односи со странство, како и на самоуправните интересни заедници за економски односи со странство во рамките на кои се усогласуваат елементите на плановите за економски односи со странство.

Се утврдува 31 јануари 1980 година како рок до кој основните и други организации на здружен труд и други општествени правни лица, со самоуправна спогодба, во рамките на републичката и покраинската самоуправна интересна заедница за економски односи со странство, ги утврдуваат критериумите и постапката за остварување на правото за задолжување во странство во определен обем односно обемот на девизното кредитирање на странство што е утврден по републиките односно по автономните покраини во проекцијата на платниот биланс на Југославија и во проекцијата на платнобилансните позиции на републиките и на автономните покраини, во согласност со политиката на кредитните односи со странство и со мерките за спроведување на таа политика.

Со доследно применување на единствените критериуми при остварувањето на правото за задолжување во странство во рамките на обемот предвиден со Договорот за распоред на правата за задолжување во странство на републиките и автономните покраини за остварување на договорената политика за развој во периодот од 1976 до 1980 година, републиките и автономните покраини ќе обезбедат селективно насочување на странските кредити за побрз развој на дејностите што се од посебно значење за реализацијата на договорената политика на вкупниот развој на земјата, во објектите што придонесуваат кон порационално зголемување на извозот, кон порационална супституција на увозот и кон стабилизација на домашниот пазар, тргнувајќи при тоа од можностите за девизна отплата на директниот корисник на кредитот.

Врз основа на Договорот за распоред на правата за задолжување во странство на републиките и автономните покраини за остварување на договорената политика за развој од 1976 до 1980 година и на Договорот за утврдување на правата на склучување нови кредити во странство во 1979 и 1980 година заради континуитет на финансирањето на објектите во периодот од 1981 до 1985 година и за распоред на тие права врз републиките и автономните покраини во 1980 година, ќе се утврди соодветна динамика на склучувањето на кредити во согласност со обемот на користењето на кредитите утврдени со проекцијата на платниот и девизниот биланс на Југославија и со проекциите на платнобилансните и девизнобилансните позиции на републиките и автономните покраини и на договорот за користењето на средствата на Меѓународната банка за обнова и развој.

Треба и понатаму да се унапредува кредитно-финансиската соработка со меѓународните и регионалните финансиски институции, што во таа соработка можат да имаат посебно значење за развојот на југословенското стопанство, а посебно со Меѓународната банка за обнова и развој, со Европската инвестициона банка и со Меѓународната финансиска корпорација и со Меѓународната инвестициона банка.

Неопходно е користењето и повлекувањето на странските средства да се стори поефикасно и инвестиционата изградба и активирањето на објектите да се забрза при истовремено унапредување и користење на методот за кофинансирање од средствата на Меѓународната банка за обнова и развој. На тој начин ќе се оствари пошироко меѓународно учество во финансирањето на крупните проекти на домашното стопанство.

Треба навремено да се изврши подготовка на инвестиционите проекти во земјата што би се финансирале од средствата на Меѓународната банка за обнова и развој во периодот од 1981 до 1985 година и навремено да се донесе Договор за распоред на правата за задолжување во странство врз републиките и автономните покраини, за остварување на договорената политика за развој од 1981 до 1985 година.

Заради поусогласено регионално задолжување во странство, неопходно е поинтензивно да се проширува соработката со неврзаните земји и со други земји во развој, со социјалистичките земји и со други развиени земји, обезбедувајќи поусогласена и порационална диверзификација на задолжувањето и на девизното кредитирање на странство.

Во 1980 година доследно ќе се применува општествениот договор и самоуправната спогодба за организиран настап на меѓународниот пазар на капиталот, а посебно:

1) конзорцијалниот настап на домашните лица на меѓународниот пазар на капиталот;

2) обезбедувањето на адекватна динамика на задолжувањето која исклучува преголема кредитна побарувачка во ист временски период.

Се утврдува 30 ноември 1980 година како рок до кој основните и други организации на здружен труд и други општествени правни лица склучуваат самоуправна спогодба од член 141 на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство за 1981 година. Единствените критериуми и постапката за склучување на тие самоуправни спогодби ќе ги утврди Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство во согласност со Сојузниот извршен совет, за 1981 година, до 31 октомври 1980 година, во согласност со Договорот на федерацијата, на републиките и автономните покраини за критериумите за насочување и користење на дополнителните странски средства за периодот од 1981 до 1985 година.

**Политика за усогласување на меѓусебните односи на републичките и покраинските самоуправни интересни заедници за економски односи со странство**

8. Со усогласување на меѓусебните односи во планирањето, спроведувањето и остварувањето на заедничките цели на политиката на економски односи со странство републичките и покраинските самоуправни интересни заедници за економски односи со странство ќе обезбедат остварување на целите и задачите на заедничката девизна политика на Југославија во 1980 година и извршување на проекцијата на платнобилансните и девизнобилансните позиции на републиките и на автономните покраини во Единствената проекција на платниот биланс и на девизниот биланс на Југославија.

Особено внимание ќе му се посвети на изнаоѓањето на конкретни мерки за унапредување на економските односи со странство, за идентификување на заедничкиот интерес на ОЗТ во рамките на СИЗ за економски односи со странство во остварувањето на девизниот прилив, за доследна примена на самоуправните спогодби за заедничко остварување на девизи, здружувањето на девизи, засновање на подолгорочни форми на меѓусебна соработка.

Републичките и покраинските самоуправни интересни заедници за економски односи со странство во Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство ги усогласуваат своите односи во планирањето, спроведувањето и остварувањето на економските односи со странство, како дел на односите во општествената репродукција, и тоа:

1) се договараат за заедничките цели и елементи на плановите за економски односи со странство и плановите за прилив и одлив на девизи на членовите на тие заедници, што се од посебно значење за девизниот биланс и платниот биланс на Југославија и за единството на југословенскиот пазар. Се утврдува 30 ноември 1980 година како рок до кој републичките и покраинските самоуправни интересни заедници за економски односи со странство во Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство ќе склучат договор за елементите на плановите за економски односи со странство и на плановите за прилив и одлив на девизи за 1981 година;

2) ги утврдуваат во Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство роковите и начинот на следење на извршувањето на проекциите на платнобилансните позиции и проекциите на девизнобилансните позиции на републиките и автономните покраини во единствената проекција на платниот биланс и на девизниот биланс на Југославија, постапката за известување на надлежните органи за спроведувањето и остварувањето на тие проекции, како и мерките што во рамките на своите права и должности, поединечно и заеднички ќе ги преземаат за да се обезбеди извршување на проекциите.

Самоуправните интересни заедници за економски односи со странство во републиката и во автономната покраина и во Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство навремено ќе ги предупредуваат надлежните органи за почетокот на отстапувањето од утврдените проекции и ќе преземаат, во рамките на своите права и должности, поединечно и заеднички, мерки неопходни за да се обезбеди извршување на проекциите.

**Политика на платнобилансни ограничувања**

9. Ако во текот на годината позначително не се остваруваат целите на заедничката девизна политика и пропорциите на Единствената проекција на платниот биланс и на девизниот биланс на Југославија за 1980 година, со договор на федерацијата, на републиките и автономните покраини првенствено ќе се преземаат мерки за економски оправдан прилив на девизи, како и мерки за ограничување на плаќањата со странство предвидени со член 178 на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство, со тоа што мерките за ограничување да се разликуваат по републиките и автономните покраини, во зависност од остварувањето на нивните проекции на платнобилансните позиции.

Формите и видовите на платнобилансните ограничувања непосредно ќе зависат од остварувањето на проекциите на платнобилансните и девизнобилансните позиции на републиките и на автономните покраини во Единствената проекција на платниот биланс и на девизниот биланс на Југославија за 1980 година.

Врз основа на единствено договорените критериуми, што ќе се донесат до 31 јануари 1980 година, републиките односно автономните покраини ќе воведуваат ограничувања заради спречување на отстапувањето од договорените квантификации во својата платнобилансна позиција.

При разгледувањето на анализите и информациите за стопанските движења, Сојузниот извршен совет, врз основа на оствареното салдо на извозот и увозот на стоки и услуги во проекцијата на платниот биланс и на девизниот биланс на Југославија и на проекциите на платнобилансните и девизнобилансните позиции на социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини ќе се утврдува дали настанале растројствата од член 177 на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство.

Ако во извршувањето на проекцијата на платнобилансната и девизнобилансната позиција на одделна република односно автономна покраина во Единствтената проекција на платниот биланс и за девизниот биланс на Југославија за 1980 година дојде до отстапување, врз основа на однапред утврдените критериуми, надлежниот орган на односната република или автономна покраина ќе преземе соодветни мерки за воспоставување на односите утврдени со тие проекции. При тоа ќе се имаат предвид и конјунктурните движења на определени производи во извозот, како и другите околности во врска со можностите за извоз.

10. Федерацијата, републиките и автономните покраини ќе го забрзаат процесот на усовршување на системот со кој ќе се обезбеди поефикасно следење на остварувањето на проекциите на платнобилансните и на проекциите на девизнобилансните позиции на републиките и автономните покраини во Единствената проекција на платниот биланс и на девизниот биланс на Југославија за 1980 година, врз единствени основи.

11. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1980 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 213
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Зоран Полич, с. р.**

**1006.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во врска со чл. 25 и 72 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 декември 1979 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ИЗНОС НА ДЕВИЗИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ВО 1979 ГОДИНА

1. Во Одлуката за утврдување на вкупниот износ на девизите за потребите на федерацијата во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/78), во точка 2 одредба под 1, бројот: „1.313,061.000" се заменува со бројот: „743,061.000".
2. Во одредбата под 2, бројот: „10.995,622.000" се заменува со бројот: „11.565,622.000".
3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 218
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и покраините,
**Зоран Полич**, с. р.

---

**1007.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 26 од Законот за финансирање на федерацијата и со член 83 ст. 1 и 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 декември 1979 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ОД ЦАРИНИ И ОД ДРУГИ УВОЗНИ ДАВАЧКИ ШТО ВО 1980 ГОДИНА Ѝ СЕ ОТСТАПУВААТ НА ИНТЕРЕСНАТА ЗАЕДНИЦА НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

Член 1

За враќање на царини и на други увозни давачки во корист на организациите на здружен труд што извезуваат, според програмата за извоз и Финансискиот план на Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство (во натамошниот текст: Заедница на Југославија), а заради остварување на политиката на извозот утврдена со Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 во 1980 година, на Заедницата на Југославија во 1980 година ѝ се отстапуваат 51,57% од приходите остварени од царини и од други увозни давачки, како и во целост остварените приходи од посебни давачки при увозот на земјоделски и прехранбени производи.

Средствата од став 1 на овој член се користат и за туристичка и економска пропаганда и за информативна дејност спрема странство заради зголемување на извозот согласно со самоуправната спогодба за поттикнување и унапредување на економските односи со странство.

Член 2

Приходите од царини, други увозни давачки и од посебните давачки при увозот на земјоделски и прехранбените производи од член 1 на оваа одлука, ќе се издвојуваат при секоја уплата на тие приходи и ќе се пренесуваат на посебна сметка на Фондот на Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство (во натамошниот текст: Фондот кај Службата на општественото книговодство на Југославија.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука се користат сразмерно со остварениот прилив на девизи од извоз на стоки и услуги што е предвиден во платниот биланс и во девизниот биланс на Југославија за 1980 година.

Член 4

Со средствата од член 1 на оваа одлука ќе се врши исплата на обврските по основ на враќање на царини и на други давачки по барањата втасани во 1980 година во Службата на општественото книговодство на Југославија.

Член 5

За користењето на средствата на Фондот Службата на општественото книговодство на Југославија и Народната банка на Југославија вршат контрола, водат евиденција и поднесуваат извештаи на начинот и врз основа на документацијата што ќе ја утврди Заедницата на Југославија, во согласност со Сојузниот извршен совет.

Член 6

Завршна сметка на Фондот за 1980 година донесува Заедницата на Југославија.

Собранието на СФРЈ ја потврдува завршната сметка на Фондот за 1980 година.

Приходите на Фондот од царини и од други увозни давачки и од посебните давачки при увозот на земјоделски и прехранбени производи за стоките увезени до 31 декември 1980 година, што ќе се наплатат од 1 до 31 јануари 1981 година, се уплатуваат во корист на приходите на Фондот за 1980 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1980 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 209
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и покраините,
**Зоран Полич**, с. р.

**1008.**

Врз основа на член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 39 од Законот за сојузните стоковни резерви, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 26 декември 1979 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИЗМЕНАТА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА 1979 ГОДИНА

1. Се одобрува Измената на Финансискиот план на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи за 1979 година, што го донесе Советот на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, со својата одлука Д.Т. бр. 76/1, од 25 септември 1979 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 222
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

**1009.**

Врз основа на член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 39 од Законот за сојузните стоковни резерви, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 26 декември 1979 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА 1980 ГОДИНА

1. Се одобрува Финансискиот план на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, за 1980 година, што го донесе Советот на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, со својата одлука Д.Т. бр. 77/1, од 25 септември 1979 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 223
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

**1010.**

Врз основа на член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 39 од Законот за сојузните стоковни резерви, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 26 декември 1979 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНЕНИЈАТА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ЗА 1979 ГОДИНА

1. Се одобруваат Измените и дополненијата на Финансискиот план на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи за 1979 година, што го донесе Советот на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи, со својата одлука Д.Т. бр. 03-72/1, од 14 ноември 1979 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 233
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

**1011.**

Врз основа на член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 39 од Законот за сојузните стоковни резерви, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 26 декември 1979 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА СОЈУЗНАТА ДИРЕКЦИЈА ЗА РЕЗЕРВИ НА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ ЗА 1980 ГОДИНА

1. Се одобрува Финансискиот план на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи, за 1980 година, што го донесе Советот на Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи, со својата одлука бр. 03-78/1 од 31 октомври 1979 година.

2. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1980 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 224
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Стана Томашевиќ-Арнесен**, с. р.

важните задачи во завршната година на овој среднорочен план.

Доследното остварување и развивање на делегатскиот систем со остварување на делегатски односи во сите области и форми на општественото организирање и одлучување е еден од суштествените услови за остварување доминантна улога и влијание на здружениот труд во општествената репродукција.

Заради тоа е мошне значајна работата врз оживотворувањето на иницијативата за негување и јакнење на колективната работа и за зголемување на личната и колективната одговорност.

За да се обезбеди подобро функционирање на единствениот југословенски пазар и порамномерно снабдување со стоки што се важни за производството и за населението, истовремено со донесувањето на [illegible] прописи за цените, за компензациите и за здружување на производството и прометот, ќе се [illegible]дува системот на самоуправно спогодување и општествено договарање на ова подрачје, ќе се подобри организацијата и функционирањето на единствениот југословенски пазар и ќе се развие системот на стоковни резерви. Напоредно со тоа е неопходно да зајакне работата на инспекциските служби.

Ќе се обезбедат услови здружениот труд во рамките на меѓусебната доходовна поврзаност посуштествено да влијае врз формирањето на цените. Со самоуправни спогодби на здружениот труд, со договори, со поголемо влијание на потрошувачите, со мерки на економската политика и со одговорно однесување на сите субјекти на самоуправното одлучување треба да се обезбеди да се забави растежот на цените и во рамките на предвидениот растеж да се воспоставуваат похармонични односи во цените.

Федерацијата, републиките, автономните покраини и општините и други носители на општата и заедничката потрошувачка ќе го преиспитаат системот за финансирање на заедничките и општите општествени потреби заради создавање услови за поттикнување на слободната размена на труд и обезбедувањето на средства за овие потреби и издвојувањата на средства за овие потреби да се усогласат со утврдената политика и со потребата од јакнење на репродуктивната способност на организациите на здружен труд. Најдоцна до крајот на 1980 година ќе се извршат измени и дополненија на системот за финансирање на федерацијата и ќе се утврди постепено надминување на нејзиното дефицитарно финансирање.

Заради поцелосна и поефикасна примена на системот на економските односи со странство во текот на првото полугодие на 1980 година ќе се разработи механизмот на задолжување во странство и начинот на усогласување на обемот и динамиката на увозот со резултатите на извозот на стоки и услуги за да им се создадат услови на организациите на здружен труд да располагаат со остварените девизи, во согласност со Законот за девизното работење.

Организациите на здружен труд еден дел од потребните девизи за стоковни и нестоковни плаќања првенствено ќе остваруваат врз база на сопствен извоз или преку самоуправни спогодби со организациите на здружен труд што остваруваат извоз.

Потребните девизи што не можат да се обезбедат врз основа на правото од претходниот став, организациите на здружен труд ќе ги обезбедуваат според дополнителни договорени критериуми на девизниот пазар според постапката од член 69 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство.

Ќе се преиспита режимот на извозот и увозот заради обезбедување услови на организациите на здружен труд да бидат носители на работите на ова подрачје на општествената репродукција. За таа цел е неопходно да се создаваат услови за поврзување на организациите на здружен труд во заедничкото стекнување и распределба на девизниот приход и за нивно здружување врз доходовни основи. Самоуправните интересни заедници за економски односи со странство ќе го утврдат системот за поттикнување на извозот и понатаму ќе го развиваат самоуправното планирање во областа на економските односи со странство и меѓусебното доходовно поврзување на организациите на здружен труд.

Самоуправните интересни заедници за економски односи со странство ќе обезбедат усогласување и следење на реализацијата на плановите на економските односи со странство на основните и други организации на здружен труд. Исклучително значајно е и тоа што во оваа година треба да се потсили активноста врз побрзото организирање и оспособување на самуправниот здружен труд како основен носител на развојот и во оваа област на општествената репродукција, имајќи ја предвид нагласената улога и одговорност на републиките и автономните покраини за јакнење на положбата на земјата во меѓународните економски односи. Во таа смисла посебно треба да се интензивира работата врз оспособувањето на интересните заедници за економски односи со странство и за други форми на организирањето на здружениот труд и да се обезбеди нивно ефикасно функционирање.

Со поцелосна примена на Законот за здружениот труд ќе се обезбеди натамошно развивање на доходовните односи и во таа смисла е неопходно да се конкретизираат и доследно да се остваруваат договорите за општествено насочување на распределбата на доходот и на личните доходи и самоуправните спогодби за распоредување на чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи.

Во текот на првото полугодие на 1980 година ќе се разработат соодветни механизми за усогласување на односите во општествената репродукција, а пред сè, помеѓу средствата за инвестиции од распределбата на општествениот производ и на доходот и за формирање на парични средства од други извори за овие намени. Ќе се утврди заедничка политика која ќе обезбеди средствата за општа и заедничка потрошувачка да растат побавно од растежот на доходот. Во тие рамки самоуправните интересни заедници треба да обезбедат самоуправно спогодување и заедничко одлучување на работниците од материјалното производство и на работните луѓе во општествените дејности за формирањето на средствата преку слободна размена на труд за финансирање на заедничките потреби.

Во спроведувањето на монетарно-кредитниот систем ќе се разработат механизми кои ќе обезбедат поцелосно поврзување на креирањето на парите во зависност од стоковно-паричните односи, вклучувајќи ги и тековните девизни трансакции и остварување на правото на работниците во здружениот труд да управуваат со паричните средства на својот тековен и минат труд и да ги насочуваат паричните средства во согласност со самоуправните спогодби и со плановите на организациите на здружен труд и со плановите на општествено-политичките заедници. Неопходно е да се интензивира општествено-економската трансформација на банките и односите во нив. Со развојот на здружувањето на трудот и средствата треба да се обезбеди намалување на кредитниот однос. Треба да се усоврши системот на плаќање и да се развива монетизацијата на хартиите од вредност. Решително треба да продолжи активноста врз создавањето на интерни банки и за таа цел да се изменат соодветните сојузни прописи заради обезбедување нивно поуспешно функционирање.

градба на станови и здружување на нивните лични средства со општествените средства наменети за оваа цел. Ќе се забрза донесување на потребни прописи со кои ќе се обезбеди пошироко ангажирање на средствата за насочена станбена изградба.

Општествено-политичките заедници со својата политика и со прописи ќе создаваат услови за забавање на трошоците за изградба на станови и поттикнување на активностите во правец на рационализацијата на целокупниот процес на изградбата.

До 31 март 1980 година сојузните органи, во соработка со органите на републиките и автономните покраини, ќе изработат посебна анализа за досегашните резултати и за проблемите во станбената изградба и за остварувањето на станбената политика и ќе предложат мерки и активности за поефикасна станбена изградба и остварување на целите и задачите на ова подрачје.

Натаму ќе се унапредуваат општествено-економските односи во изградбата и користењето на становите.

14. Заради обезбедување постабилни односи во производството и на пазарот, федерацијата, републиките и автономните покраини ќе преземаат мерки за јакнење на стоковните резерви. Ќе се дополнат прописите за резервите, ќе се утврдат постојани и стабилни извори на финансирање и ќе се забрза формирањето на стоковните резерви на сите нивоа и изградбата на складишен простор.

Стоковните резерви посебно ќе се формираат во поголеми стопански и потрошувачки центри, што е суштествен услов за стабилизација на пазарот.

За спречување на поголеми растројства во производството и на пазарот, надлежните органи на општествено-политичките заедници ќе преземаат навремено мерки за интервенција со стоковни резерви и за таа цел ќе обезбедат соработка на сојузните и републичките односно покраинските дирекции односно организации на стоковните резерви.

Ќе се формираат потребни резерви на енергетски горива заради постигнување на поголема сигурност на снабдувањето. Во 1980 година ќе се настојува овие резерви да се обезбедат во согласност со енергетскиот биланс на земјата.

15. Заради јакнење на материјалната основа на здружениот труд и остварување на похармонични односи во репродукцијата, со договорите за насочување на распределбата на доходот и на личните доходи и со договорите за спроведување на политиката за општа и заедничка потрошувачка, како и со самоуправните спогодби и активности во организациите на здружен труд и во други самоуправни организации и заедници и со мерки на економската политика на општествено-политичките заедници ќе се осигури:

1) со распределба на доходот да се обезбеди побавен растеж на личните доходи од доходот и со тоа да се создадат услови за похармонични односи во репродукцијата и побрз растеж на средствата за проширување на материјалната основа на здружениот труд од доходот. За таа цел, вкупните лични доходи на организациите на здружен труд во стопанството можат да растат 5 процентни поени побавно од растежот на масата на доходот. Овие рамки ги содржат исплатите за личните доходи што ќе се вршат во 1980 година врз основа на распределбата по завршните сметки за 1979 година.

Средствата за заедничка потрошувачка на организациите на здружен труд и работните заедници во стопанството, со исклучок на средствата за станбена изградба, можат да растат номинално најмногу до 14% во маса.

Личните доходи во работните заедници на банките и другите финансиски организации, самоуправните интересни заедници, деловните заедници и здруженија и личните доходи во трговските организации на големо и надворешнотрговските организации можат да растат најмногу во маса до 8 процентни поени под растежот на масата на доходот во стопанството, а средствата за заедничка потрошувачка, со исклучок на средствата за станбена изградба, до 10% над средствата за овие потреби во 1979 година. Овие рамки ги содржат исплатите за лични доходи што ќе се вршат во 1980 година врз основа на распределбата по завршните сметки за 1979 година.

Личните доходи во маса во работните заедници на органите на општествено-политичките заедници можат да растат до растежот предвиден во буџетите, а најмногу до 8 процентни поени под растежот на масата на доходот во стопанството, а заедничката потрошувачка, со исклучок на средствата за станбена изградба, до 10% над средствата за овие потреби во 1979 година. Овие рамки ги содржат исплатите за лични доходи што ќе се вршат во 1980 година врз основа на распределбата по завршните сметки за 1979 година.

Личните доходи во маса во организациите на здружен труд на општествените дејности можат да растат во рамките предвидени за растежот на средствата за заеднички потреби, а најмногу до 7 процентни поени под растежот на масата на доходот во стопанството, а заедничката потрошувачка, освен средствата за станбена изградба, до 10% над средствата за овие потреби во 1979 година. Овие рамки ги содржат исплатите за лични доходи што ќе се вршат во 1980 година врз основа на распределбата по завршните сметки за 1979 година.

Заради реализација на вакапредвидениот растеж на личните доходи, тргнувајќи од задачите од Резолуцијата, со општествени договори во федерацијата, републиките и во автономните покраини за општествено насочување на распределбата на доходот и на личните доходи, што треба да се донесат до крајот на јануари 1980 година, ќе се обезбеди врз селективни основи општествено насочување и ќе се утврдат критериумите за спроведување на вакаутврдената политика.

Со самоуправните спогодби на самоуправните организации и заедници за насочување на распределбата на доходот и на личните доходи, односно со самоуправните општи акти на основните организации на здружен труд што ќе се донесат до крајот на март 1980 година, ќе се усогласи распределбата на доходот и на средствата за лични доходи со политиката утврдена во Резолуцијата и со договорите од претходниот став.

До донесувањето на договорите и самоуправните спогодби за насочување на распределбата на доходот и на личните доходи и до усогласувањето на самоуправните акти за распределба на доходот и на личните доходи, во самоуправните организации и заедници и во органите и организациите на општествено-политичките заедници во 1980 година нема да се зголемуваат личните доходи и заедничката потрошувачка над нивото на исплатените лични доходи за ноември 1979 година.

Општествено-политичките заедници, а посебно собранијата на општините, треба да го заострат прашањето на одговорноста за спроведување на прописите, на општествените договори и на самоуправните спогодби за распределба на доходот и на средствата за лични доходи во организациите на здружен труд, особено во оние што работат со загуби.

Републиките и автономните покраини по потреба ќе обезбедат со соодветен пропис да се спроведува оваа политика.

2) Вкупните изворни приходи за задоволување на заедничките потреби можат да растат во маса најмногу до 16%, иземајќи ги исплатите на пензиите од пензиското и инвалидското осигурување. Со договор на републиките и на автономните покраини ќе се утврди по потреба политиката и ќе се разработат механизмите за усогласување на приливот и корис-

тењето на средствата за заедничка потрошувачка со вакаутврдените рамки.

Со договори во републиките и во автономните покраини ќе се утврди политиката за растеж на средствата по носителите на заедничката потрошувачка во зависност од специфичноста на одделни видови потрошувачка, со тоа, што вкупниот растеж на средствата да не може да биде поголем од утврдените рамки во претходниот став.

Најдоцна до крајот на февруари 1980 година ќе се усогласат стапките на даноците и придонесите за заеднички потреби со утврдената политика.

Ќе се преземат мерки за спроведување на Резолуцијата за слободна размена на трудот во општествените дејности. Ќе се состават оперативни програми за спроведување на Резолуцијата и ќе се забрза активноста врз трансформација на придонесите во системот на самоуправното здружување на трудот и средствата за задоволување на заедничките потреби во општествените дејности врз основа на слободна размена на трудот.

3) Вкупните изворни приходи за општите општествени потреби во општините, во автономните покраини и во републиките, освен придонесот кон федерацијата, средствата за компензации и резервите неопходни за снабдување на граѓаните со прехранбени производи и средствата за отстранување на последиците од земјотреси и поплави можат да растат најмногу до 16%. За таа цел ќе се разработат мерки за штедење во сите општествено-политички заедници. Општините, републиките и автономните покраини не би требало да ги зголемуваат стапките на данокот на промет, ниту да воведуваат нови даноци на промет, освен за финансирање на компензација и резервите неопходни за снабдување на граѓаните со прехранбени производи за отстранување на последиците од земјотреси и поплави.

Ќе се усогласуваат постојните стапки на данокот на промет со промените на цените за да се обезбеди масата на данокот на промет да не се зголемува по основ на порастот на цените над вкупно планираните приходи по овој основ.

Со договори во републиките и автономните покраини, а по потреба со договор на републиките и автономните покраини ќе се утврди начинот на спроведување на вакадоговорената политика, и конкретната политика за растеж на средствата за одделни носители на општата потрошувачка.

4) Тримесечно ќе се согледува дали издвојувањата на средствата за општа и заедничка потрошувачка се во согласност со остварениот доход на стопанството по периодичните пресметки и дали масата на средствата по основ на даноци и придонеси е во согласност со глобално поставените рамки на општата и заедничката потрошувачка и со динамички разработениот прилив на овие средства по одделни основи во билансите. Доколку остварените средства во претходното тримесечје се над динамички поставените рамки на нивниот прилив, ќе се изврши соодветно намалување на обврските на стопанството и на населението за наредниот тримесечен период.

5) Службата на општественото книговодство ќе го следи остварувањето на договорите и на самоуправните спогодби за насочување на распоредувањето на доходот и за распределба на средствата за лични доходи и на договорите за формирање и користење на средствата за заедничка и општа потрошувачка и за тоа редовно ќе ги информира учесниците во договорите и во самоуправните спогодби, како и надлежните органи и организации кои што, врз основа на овие информации, треба поенергично да преземаат соодветни мерки за остварување на договорената политика.

Службата на општественото книговодство ќе ја потсили контролата на законитоста на остварувањето (формирањето) на средствата за општа и заедничка потрошувачка. контролата на законитоста на распределбата и користењето на овие средства и, ако во постапката на контролата утврди незаконитости и неисправности, ќе ги преземе со закон пропишаните мерки за нивно отстранување.

Службата на општественото книговодство, врз база на периодични пресметки и други податоци, тримесечно ќе согледува дали се спроведува договорената политика во областа на личната, заедничката и општата потрошувачка и за тоа ќе ги информира организациите на здружен труд, самоуправните интересни заедници и општествено-политичките заедници, со цел да се оневозможат појави на формирање средства над рамките утврдени со билансите за општа и заедничка потрошувачка.

Со општествените договори и со самоуправните спогодби, што ќе ги склучи и кон кои ќе пристапи Службата на општественото книговодство, треба да се утврдат задачите на Службата на општественото книговодство во извршувањето на информативно-аналитичките работи и други определени работи во рамките на делокругот на Службата на општественото книговодство, заради обезбедување на доследно остварување на политиката утврдена со оваа резолуција.

Надлежните органи во републиките, во соработка со Службата на општественото книговодство, ќе усвојат прописи коишто ќе обезбедат динамиката на приливот на средствата да биде во поголема мера отколку до сега приспособена кон динамиката на финансирањето на договорената програма за развој и оневозможување да се формираат вишоци на сметките на самоуправните интересни заедници.

Во текот на првото тримесечје треба да се согледаат и поконкретно да се определат задачите на Службата на општественото книговодство, за да дејствува поефикасно врз спроведувањето на мерките и задачите на економската политика од оваа резолуција.

16. Намалување на одделни расходи на буџетот на федерацијата, вклучувајќи го и намалувањето на со законот и со општествениот план утврдените права на одделни корисници на средствата, ќе се обезбеди, учеството на средствата на буџетот на федерацијата во 1980 година, во општествениот производ на Југославија да не биде поголемо отколку во 1979 година.

Во текот на 1980 година ќе се преиспита системот за финансирање на федерацијата, а посебно проблемите за нејзино дефицитарно финансирање, за да се обезбеди во наредниот среднорочен план непречено извршување на со Уставот утврдените и договорени функции на федерацијата, во согласност со реалните можности на општеството.

Ќе се донесе програма за временско разграничување за наредниот среднорочен период на оние обврски спрема одделни корисници на буџетот на федерацијата, што во среднорочниот план 1976—1980 година не ги оствариле своите права согласно со законот и со одредбите на тој план.

Согласно со програмата за работа на Соборот на републиките и покраините во 1980 година, Сојузниот извршен совет најдоцна до крајот на првото полугодие ќе даде предлог за решение на проблемот на Косово, во согласност со заклучоците што ќе бидат донесени од страна на Соборот на републиките и покраините.

17. Вкупните стопански инвестиции во основните средства реално ќе растат околу 6%. Растежот на инвестициите ќе се усогласува со реално расположивите средства што ќе се формираат од распределбата на општествениот производ, од соодветниот депозит кај банките што можат да се користат за

инвестиции и со користење странски средства во согласност со договор на републиките и на автономните покраини за распределба на правата на задолжување и со платнобилансните можности на земјата. Странските финансиски кредити во 1980 година треба да се користат за потребите на ликвидноста на земјата во меѓународните плаќања. Финансиските кредити можат да се конвертираат во динари во согласност со договорите помеѓу федерацијата, социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини за распоредот на задолжувањата во странство во рамките на платнобилансните можности на земјата и на платнобилансните позиции на републиките и на автономните покраини.

Заради зголемување на ефикасноста на инвестициите и нивното сведување во реални рамки, побрзи промени во структурата на материјалното производство, јакнење на извозната ориентација и супституцијата на увозот потребно е во 1980 година да се преземат соодветни активности и мерки:

1) Заради усогласување на инвестициите со расположивите средства, инвеститорите, банките и другите заинтересирани во републиките и во автономните покраини, до крајот на првото тримесечје на 1980 година треба да извршат ревизија на претсметковната вредност на инвестициите во изградба, да ги утврдат пречекорувањата и да преземат соодветни мерки. Службата на општественото книговодство во републиките и во покраините во наведениот рок треба да изврши контрола на пречекорувањата и постојано да врши контрола на обезбедувањето на средствата и на плаќањата за објектите чија изградба е во тек и да ги информира органите на управувањето и надлежните општествено-политички заедници.

2) Инвеститорите, банките и другите учесници во инвестициите ќе ги насочат расположивите средства и другите активности во 1980 година кон довршување на објектите во изградба што се од посебно значење за со планот договорената промена на материјалната структура на производството, а првенствено за зголемување на извозот и за супституција на увозот. Тоа се однесува пред сè на завршувањето на објектите за енергетика и рудниците на јаглен, на примарните фази на црната и обоената металургија и неметалите, на базната хемија и на некои групации во рамките на преработка на метали и производство на храна, што посебно заостануваат во однос на договорената политика. Инвеститорите и банките ќе состават оперативни програми за завршување на овие објекти.

3) Инвеститорите и банките ќе ги испитаат можностите за запирање на изградбата на започнатите инвестициони објекти, со понизок степен на довршеност на работите, што не се од значење за договорените промени на материјалната структура, за зголемување на извозот и за супституција на увозот.

4) Во 1980 година треба да се намалат вложувањата во областа на стоковниот промет, освен продажниот простор во новите населби и во станбените згради; нема да се вршат вложувања во деловни згради во областа на банкарството, на осигурувањето на имоти и лица; на услуги во областа на прометот, освен на прометот на јавните складови; во областа на проектирањето и на другите технички и деловни услуги — освен во случаи кога степенот на довршеноста на започнатите вложувања е поголем од 80% од обемот на градежните работи.

5) Треба да се забави растежот на вложувањата во објекти за инфраструктура, зависно од расположивите средства, при што треба побрзо да растат вложувањата во објекти на инфраструктурата од заеднички интерес за целата земја, посебно во областа на енергетиката и на магистралниот сообраќај.

6) Во републиките и во автономните покраини ќе се води селективна политика при започнувањето на нови стопански инвестиции во 1980 година, заради поголемо насочување на средствата кон изградба на објекти во дејностите од посебно значење чијшто развој заостанува изразито.

7) Заради остварување на ваква инвестициона политика републиките и автономните покраини со мерки од своја надлежност ќе го поттикнуваат здружувањето на трудот и средствата врз доходовни основи на територијата на целата земја, ќе иницираат склучување на самоуправни спогодби на банките за селективно насочување на кредитите, ќе насочат повеќе средства од штедењето на граѓаните и ќе насочат претежен дел на средства од странски кредити. Ваквата ориентација републиките и автономните покраини ќе ја поддржуваат и со даночни олеснувања, со намалување на стапките или со ослободување од плаќање данок на доход и со ослободување од плаќање на овој данок.

8) Федерацијата, републиките и автономните покраини ќе преземаат мерки заради отежнување на условите за започнување изградба на капацитети чиешто производство повеќе од половина се заснова врз суровини и репродукциони материјали од увозот. Заради дестимулирање на овие вложувања републиките и автономните покраини ќе ги зголемат стапките на данокот на доход, ќе го намалат користењето на средства од странски кредити, а Сојузниот извршен совет ќе го продолжи рокот за депонирање на динари, односно девизи при увозот на опрема за готово.

9) Во 1980 година треба суштествено да се намали обемот на нестопанските инвестиции, освен станбената изградба и во врска со тоа нужната комунална инфраструктура и изградбата на објекти на подрачјата што настрадале од земјотреси и поплави. Ќе се преземат мерки за реализација на оваа политика што ќе се утврди со договор на републиките и автономните покраини или со сојузен закон.

10) Општествено-политичките заедници, организациите на здружен труд, банките и други финансиски организации, во принцип, во 1980 година не треба да започнуваат изградба односно кредитирање на нови нестопански инвестиции. Со самоуправни спогодби на банките ќе се заострат условите за давање кредити за нестопански инвестиции, освен станбената изградба и за објекти на подрачјата што настрадале од земјотреси и поплави.

11) Во 1980 година нема да се започнува изградба на нови објекти чие што финансирање се врши од средства на самопридонеси од граѓаните, ако учеството на самопридонесите или на друга форма на партиципација на граѓаните е помало од една третина на потребните средства.

12) Обновата на подрачјето настрадано од земјотрес во СР Црна Гора ќе се врши според програмата за обнова и изградба на тоа подрачје, а во согласност со Законот за средствата за отстранување на последиците од катастрофалниот земјотрес што го погоди подрачјето на Социјалистичка Република Црна Гора во 1979 година.

Републиките и покраините ќе го следат извршувањето на инвестиционата политика утврдена со оваа резолуција и ќе преземаат потребни мерки, вклучувајќи ги и мерките за привремена забрана на употреба односно располагање со општествените средства, доколку не се остварува инвестиционата политика.

Со царинските контингенти ќе продолжи политиката за намалување на царините и другите увозни давачки на увоз на опремата што не се произведува во земјата за договорениот развој на дејностите од посебно значење за вкупниот развој на земјата. И во 1980 година можат да се воведат царински контингенти за увоз на суровини и репродукционен материјал што не се произведуваат или

не можат да се произведат во потребни количества во земјата и ако со тоа се придонесува кон зголемување на извозот и кон стабилизација на домашниот пазар.

Натаму ќе се развива и унапредува системот на заеднички вложувања, на производна кооперација, на деловно-техничка соработка и други видови на долгорочна економска соработка помеѓу основните организации на здружен труд и странски лица, за да се подобрат условите за овие видови соработка.

18. Тежиштето на економската политика е врз јакнењето на положбата на стопанството во меѓународната размена, јакнењето на неговата извозна способност, намалувањето на увозната зависност, особено со супституција на увозот и усогласувањето на увозот со платнобилансните можности на земјата и врз позначајното намалување на дефицитот на платниот биланс.

Со мерки на економската политика и со активности на организациите на здружен труд треба да се интензивира растежот на извозот и да се обезбеди извозот на стоки и услуги реално да расте по стапка околу 6%, што е суштествен услов за остварување на предвиденото зголемување на производството.

Вкупниот увоз ќе се усогласи со платнобилансните можности. Доколку не се остварува предвидениот растеж на извозот во платнобилансните позиции на републиките и на автономните покраини, за соодветниот износ ќе се намалува обемот на увозот.

Зголемувањето на обемот на увозот над утврдените рамки во платнобилансните позиции на републиките и на автономните покраини, може да се оствари доколку извозот на стоки и услуги ќе биде остварен над обемот предвиден во овие позиции.

Организациите на здружен труд ќе ги преиспитаат сите издатоци за увоз на суровини и репродукционен материјал и опрема и ќе преземат мерки за рационализација на увозот и за штедење во користењето на странски средства за плаќање. Посебно ќе се разработи програма за штедење на нестоковните издатоци. Самоуправните интересни заедници за економски односи со странство и надлежните органи на општествено-политичките заедници ќе ја преиспитаат оправданоста на увозот на стоки и услуги што не се суштествени за одвивање на процесот на производството и за снабденоста на пазарот и ќе обезбедат сведување на увозот во рационални рамки.

Организациите на здружен труд во нестопанските дејности, самоуправните заедници, банките и другите финансиски организации и општествено-политичките заедници, ќе ги намалат нестоковните плаќања спрема странство и за таа цел ќе направат посебни програми за штедење и рационално користење на девизните средства.

Со оглед на натамошното заострување на проблемите на пазарот за нафта во светот, неопходно е во организациите на здружен труд, во републиките и автономните покраини и на ниво на федерацијата, да се преземат натамошни мерки за штедење на нафта и на нафтени деривати, за нивно порационално користење и супституции и за таа цел треба да се донесат програми. Зависно од движењето на цените на нафтата и на други стоки над процените со кои се сметаше при утврдувањето на економската политика за 1980 година и ако ова зголемување на цените не биде покриено со поголеми девизни приходи отколку што со платниот биланс е предвидено со договор со републиките и автономните покраини, ќе се врши намалување на предвидениот увоз на нафта и на други стоки заради одржување на дефицитот на платниот биланс во предвидените рамки.

Односите во движењето на извозот и увозот, со користење на странски средства, треба да обезбедат дефицитот на платниот биланс да биде понизок отколку во 1979 година. Учеството на трговскиот и платниот дефицит во општествениот производ треба да се намалува.

Извозната ориентација на стопанството ќе биде потсилена со поусогласени стоковно-парични односи на внатрешниот пазар, со јакнење на конкурентната способност на стопанството и со создавање на поголема економска заинтересираност на здружениот труд за извоз.

Ќе се создаваат услови за стопанисување во кои основните организации на здружен труд ќе имаат ист економски интерес во стекнување на доход во извозот и работењето на странскиот пазар, како и на домашниот. Натаму ќе се усовршува системот и политиката за поттикнување на извозот, со кој ќе се обезбеди негово усогласување со девизниот систем, во поголема мера ќе се стимулира извозот на производи засновани врз домашна супстанција, производи од повисок степен на преработка, како и услугите со чиј извоз се остварува поголем нетодевизен ефект и повеќе да се приспособи кон движањата во областа на економските односи со странство. За таа цел, во самоуправната спогодба што ќе се склучи во Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство, ќе се објективизира враќањето на царини и увозни давачки на стопанството за остварениот извоз. Во републиките и во автономните покраини стопанството што произведува за извоз ќе се ослободува од даночни и други обврски во согласност со единствените критериуми договорени во Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство. Ќе се усовршат и други инструменти за поттикнување на извозот на стоки и услуги. Во политиката и мерките за регионално насочување на извозот, посебно внимание ќе му се посвети на зголемувањето на обемот на размената со земјите во развој.

Со договорот на републиките и автономните покраини со самоуправна спогодба на деловните банки, како и со други мерки врз потрајна основа ќе се утврди системот за обезбедување средства за кредитирање на извозот на капитални добра, опрема и бродови и инвестициони работи во странство на кредит, што треба да придонесе кон остварување на планираните промени во стоковната структура, а посебно кон побрз развој на економската соработка со земјите во развој, што треба да влезе во сила во почетокот на 1980 година.

Тргнувајќи од заклучоците на Собранието на СФРЈ за соработка на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со земјите во развој, од јуни 1979 година, а на линија на реализацијата на одлуките од Шестата конференција на неврзаните земји во Хавана, со соодветни активности и со мерки на економската политика, треба да се обезбеди интензивирање на економската соработка со земјите во развој и поголемо учество на Југославија во вкупните економски односи со овие земји.

Федерацијата, републиките и автономните покраини, заедно со организациите на здружен труд, со стопанските комори, со општите здруженија и со други асоцијации на стопанството, да крајот на јануари 1980 година ќе ги утврдат проекциите на материјалните биланси за основните производи што имаат значително учество во извозно-увозните текови. Врз основа на проекцијата на материјалните биланси, како аналитичко-документациона основа, во рамките на заедниците за планско-деловна соработка односно во рамките на општите здруженија на Стопанската комора на Југославија, основните организации на здружен труд на производители,

потрошувачи и увозници на стоки, треба да склучат самоуправни спогодби за вкупниот обем, односно за вредноста на увозот на одделни видови стоки и за распределба на стоковните и девизните контингенти за увоз. Доколку ќе се ограничи извозот на определени стоки ќе се утврди компензација во согласност со член 22 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство.

Постепено ќе се ублажуваат ограничувањата што произлегуваат од вонцаринската заштита. Со натамошна разработка на стандардите, техничките услови и на типизацијата во согласност со техничко-технолошкиот развој, ќе се утврдат критериумите за регулирање на квалитетот на одделни производи што се увезуваат.

Ќе се преиспита постојната заштитна политика утврдена со системот на стоковните режими од становиштето на економската оправданост на обемот на заштита и рационалноста на увозот на одделни видови стоки, како и усогласувањето на оваа политика со девизниот систем.

Заради спроведување на Одлуката за заедничката девизна политика и за извршување на Проекцијата на платниот и Проекцијата на девизниот биланс на Југославија за 1980 година, до крајот на јануари, ќе се донесе договор на федерацијата, републиките и автономните покраини за мерките што ќе обезбедат остварување на платниот и девизниот биланс и на платнобилансните и девизнобилансните позиции на републиките и на автономните покраини.

Ќе се создаваат услови за зголемување на девизниот прилив и за забавање на одливот на девизи по нестоковен основ.

Во согласност со утврдената заедничка девизна политика и со можностите за задолжувањата во странство, треба да се утврдат единствените критериуми и постапка за остварување на правата за задолжувањето во странство и за девизното кредитирање на странство, врз основа на кои основните организации на здружен труд и другите општествени правни лица ќе склучат самоуправни спогодби за критериумите и постапката за остварување на правата за задолжување во странство.

Со политиката на девизните резерви ќе се обезбеди ниво и структура на девизните средства што овозможува потребна ликвидност и непречено вршење на плаќањата спрема странство. За таа цел е неопходно вкупните девизни резерви во текот на годината да се движат во височина на износот што не може да биде под нивото на вкупните двомесечни плаќања спрема странство.

Надлежните органи ќе обезбедат навремено и ефикасно информирање за реализацијата на платниот биланс на Југославија и на платнобилансните и девизнобилансните позиции на републиките и на автономните покраини.

19. Основни задачи на политиката на подрачјето на цените се да се запрат неповолните тенденции и да се обезбеди да се забави растежот на цените и на животните трошоци. За таа цел сите општествено-политички заедници и организации на здружен труд ќе создаваат услови за усогласување на стоковно-паричните текови како основа за спроведување на политиката за позабавено движење на цените.

Заради спроведување на стабилизационата политика и за создавање услови за позабавен растеж на цените е неопходно да се обезбеди доследно спроведување на политиката на движењето на личната, општата и заедничката потрошувачка, предвидена со оваа резолуција, како и преземање мерки за зголемување на продуктивноста на трудот и на други квалитативни фактори на стопанисувањето и создавање на похармонични стоковно-парични односи, поорганизирано снабдување на пазарот и подобрување на односите во надворешнотрговската размена.

Самоуправните организации и заедници и општествено-политичките заедници, со своите мерки и активности предвидени во оваа резолуција и со договорите за спроведување на политиката за цените, треба да создадат услови цените на мало да растат побавно, најмалку за 20%, во однос на декември претходната година.

Со реализација на оваа политика треба да се обезбеди растежот на цените на производителите во индустрија во декември 1980 година да биде понизок во однос на декември претходната година, цените на производителите на земјоделски производи да се движат во согласност со растежот на цените на производителите во индустријата. Цените на основните земјоделски производи ќе се формираат во согласност со Договорот за основите на Општествениот план на Југославија за развој на агроиндустрискиот комплекс во периодот од 1976 до 1980 година.

Организациите на здружен труд и други самоуправни организации и заедници, тргнувајќи од наведените ставови, со општествените договори и со самоуправните спогодби ќе ги утврдуваат цените и ќе создадат услови за воспоставување долгорочни стабилни односи на единствениот југословенски пазар.

Формирањето на цените во 1980 година, до примена на Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените, ќе се врши според важечките прописи, со тоа што Одлуката за определување на максималните цени на производите и услугите, ќе се стави надвор од сила.

Организациите на здружен труд самостојно ги формираат цените на производите и услугите според условите на пазарот, за кои ќе се утврди дека е усогласена понудата и побарувачката, врз основа на важечките прописи, односно врз основа на критериумите за формирање на цените од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените и нивната разработка со самоуправен општ акт.

Постојните самоуправни спогодби и општествени договори, со кои се формираат цените врз потрајна основа, и натаму ќе се применуваат и приспособуваат кон новите системски решенија. Стопанската комора на Југославија и општите здруженија ќе го поттикнуваат склучувањето на самоуправни спогодби и општествени договори за цените, во согласност со системот на цените и со политиката на цените утврдена во оваа резолуција.

Во постапката за одлучување за цените преку општествено договорање и самоуправно спогодување, организациите на здружен труд, општествено-политичките заедници и другите самоуправни организации и заедници, при формирање на нивоата и односите на цените, треба да тргнуваат од политиката за стабилизација, а посебно од следното: проблемите за економска положба на организациите на здружен труд првенствено да се решаваат со јакнење на квалитативните фактори на стопанисувањето: да се обезбеди јакнење на конкурентската способност на домашното стопанство на странскиот пазар и негово економски рационално вклучување во меѓународната размена и поделба на трудот водејќи сметка за односите на домашните и странски цени, со тенденција да се намалуваат постојните разлики и да се усогласуваат тие односи; промените на цените да се усогласат во рамките на поширокиот репродукционо поврзан процес и промет и да се обезбеди влијание на потрошувачите со спогодување врз трајни основи, да се регулираат доходовните односи во цените.

Ќе се води селективна политика за отстранување на постојните диспаритети на цените на домашниот пазар, таму каде што односите на цените се нарушени во рамките на политиката утврдена со оваа резолуција.

**развој на САП Косово во периодот од 1980 до** 1985 година.

22. Ќе се обезбедат сите потребни услови за обнова и изградба на настраданото подрачје на СР Црна Гора поради катастрофалниот земјотрес, за да се обезбеди сместување на населението, работа на општествените дејности и да се оспособат за производство односно за нормално работење, оштетените капацитета од стопанството да се изградат и да се модернизираат урнатите стопански, комунални и други објекти што се од посебно значење за зетовите за живот и работа на работните луѓе и граѓаните, како и натамошен развој на капацитетите што би се остварил да не беа објектите оштетени односно уништени од земјотресот. За таа цел ќе се интензивира усогласувањето на Законот за средствата за отстранување на последиците од катастрофалниот земјотрес што го погоди подрачјето на.Социјалистичка *Република* Црна Гора во 1979 година, со тоа што да се донесе во јануари 1980 година.

Во материјалните и стоковните биланси ќе се обезбедат неопходното количество градежни и други инвестициони материјали и опрема за санирање на последиците од земјотресот во СР Црна Гора.

Со мерките и активностите е потребно да се обезбедат услови за обнова и изградба на стопанските објекти, на станбениот фонд и на другите материјални и општествени добра и во другите подрачја настрадаш! од земјотресот и за отстранување на последиците од поплавите настанати во ноември 1979 година.

23. Монетарно-кредитната политика ќе биде во функција на стабилизација и ќе обезбеди паричната маса и кредитите да растат најмногу до предвидениот номинален растеж на општествениот производ, со тоа што поголем дел ќе биде насочен кон организациите на здружен труд во стопанството. Во одлуката за остварувањето на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и заедничките основи на кредитната политика во 1980 година ќе се обезбеди приспособување на кредитниот потенцијал на банките кон вакаутврдениот растеж на паричната маса и кредитите. Народнава банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки, на автономните покраини тримесечно ќе поднесуваат извештаи до Собранието на СФРЈ и до Сојузниот извршен совет за остварување на кредитно-монетарната политика.

Банките во своите годишни планови и во актите на деловната политика ќе го усогласат порастот на своите пласмани со предвидениот пораст на вкупните пласмани на банките, освен средствата што ги користат во рамките на посебните и дополнителните мерки за поттик на побрзиот развој на САП Косово. Народната банка на Југославија заради обезбедување на предвидениот пораст на паричната маса ќе предложи колку би требало да биде соодветниот пораст на вкупните пласмани на банките како основа за самоуправна спогодба на банките. Со самоуправната спогодба на банките треба да се утврди динамиката на порастот на пласманите на банките во согласност со сезонските потреби на стопанството, а во рамките на предвидениот вкупен пораст на пласманите на банките.

Сојузниот секретаријат за финансии, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија и Народната банка на Југославија ќе предложат мерки што треба да се преземат ***заради усогласување*** на девизниот одлив и плаќање со расположивите ^средства и со правата на задолжување во странство и заради усот гласување на ефектите од девизниот прилив и одлив со движењето на потребното количество пари во оптек.

Примарната емисија првенствено **ќе** се користи за купување на краткорочни преносливи хартии од вредност што ги издаваат организациите на здружен труд од областа на стопанството врз основа на стоковно-паричните работи, за давање кредити На банките врз подлога на тие хартии и за селективно кредитирање на намените утврдени со Општествениот план на Југославија за ,периодот од 1976 до 1980 година и со договорите за основите на тој план, како и кредитирање на залихите, на јаглен кај термоелектраните и кај други крупни потрошувачи во стопанството и кај трговијата во поголемите потрошувачки центри.

Со самоуправна спогодба на банките ќе се утврди учеството на наивните средства во кредитирање на прироитетните намени утврдени со Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 година, со договорите за основите на тој план и за кредитирање на залихите на јаглен кај термоелектраните и кај други крупни потрошувачи во стопанството и кај трговијата во поголемите потрошувачки центри.

Народната банка на Југославија ќе го приспособува процентот на задолжителното користење на краткорочните средства на банките за краткорочни пласмани кон потребите за обезбедување ликвидност на банките.

Со кредитно-монетарната политика треба да **се** обезбеди пласманите на банките да се усогласат **со** изворите на средствата, а посебно краткорочните средства да се користат во поголема мера за кредитирање на тековната репродукција.

Службата на општественото книговодство на Југославија, во сорабока со Сојузниот секретаријат за финансии со Народната банка на Југославија и **со** Здружението на банките на Југославија, ќе предложи и ќе преземе мерки до крајот на првото полугодие на 1980 година за натамошно усовршување **и** забрзување на платниот промет и некредитната монетизација на побарувањата и ќе предложи мерки за намалување на трошоците на платниот промет.

Сојузниот секретаријат за финансии, во соработка со републичките и покраинските органи и со Службата на општественото книговодство .ќе **ги** преиспита до крајот на третиот квартал на 1980 година прописите во областа на финансиското работеање на организациите на здружен труд, заради отстранување на оние решенија што доведуваат до зголемување на финансиските операции и на евиденциите како и трошоците на работењето.

Сојузниот извршен совет и извршните совети **на'** републиките и покраините до крајот на првото полугодие на 1980 година ќе ги согледаат досегашните резултати и проблеми во областа на трансформацијата на паричниот , кредитниот и банкарскиот систем во согласност со системските решенија и ќе ја утврдат активноста и мерки за создавање услови за поголемо влијание на здружениот труд врз кредитирањето на емисионата и паричната политика.

За таа цел организациите на здружен труд **и** општествеио-политичките заедници ќе преземач потребни мерки и активности за што побрза опнитествено-економска трансформација на банките и ќе' создаваат услови за развој на интерни банки во согласност со потребите на стопанството.

24. Со политиката за реален курс на динарот во 1980 година ќе се придонесе кон одржувањето и подобрувањето на конкретната способност на организациите на здружен труд на меѓународниот пазар, согласно со политиката за унапредување на економските односи со странство и целите на стабилизационата политика, .

Народната банка на Југославија ќе врши интервенции на домашниот девизен пазар во согласност со поставените задачи на политиката на курсот на динарот, во рамките на утврдените граници и во согласност со меѓувалутарните односи што се формираат на странските девизни пазари.

25. Ќе продолжат активностите врз натамошните севкупни одбранбени подготовки на земјата и врз остварувањето на задачите, предвидени со Планот, а особено во врска со организациската, кадровската и материјално-техничката модернизација на вооружените сили.

Ќе се потсили ангажирањето врз побрзо остварување на производство на средствата за вооружување и воена опрема. За таа цел ќе се интензивира работата врз развој и освојување на нови средства на вооружување и воена опрема, врз усовршување на технологијата на другите материјали за потребите на ова производство и ќе се врши порамномерно територијално разместување на овие капацитети. При тоа, уважувајќи ги потребите на народната одбрана, ќе им се дава предност на оние републики и покраини во кои ова производство досега не било доволно развивано.

Ќе се потсилат напорите и ќе се преземат мерки за развивање на единство на технолошки систем во сообраќајот и врските и за унификација и стандардизација, со најшироко користење на домашната опрема.

Ќе се потсили ангажирањето врз натамашно и побрзо оспособување на системот на заштита и спасување во целост. Сите носители на развојот на цивилната заштита ќе го продолжат ангажирањето врз интензивирање на изградбата на засолништа и обезбедување средства за заштита, како и натамашно оспособување на службата за набљудување, јавување, известување и тревожење, а особено нејзиното материјално-техничко опремување и кадровско оспособување.

Поефикасно да се решаваат проблемите на врските и криптозаштитата во потесните општествено-политички заедници, стандардизацијата на средствата за врски и меѓусебното поврзување на врските од различни корисници. Да се донесат преостанатите договори за изградба на системот за кабелски врски.

Да се потсилат подготовките на стопанските и на другите дејности за работа во војна и преку подготовките и донесувањето на општествените планови и плановите за развој на самоуправните организации и заедници да се обезбеди поголема усогласеност на општествено-економскиот развој со потребите на развојот на општонародната одбрана и општествената самозаштита. За таа цел да се постигне поголемо меѓусебно поврзување на стопанските и општествените субјекти.

Федерацијата, републиките и автономните покраини со системски решенија и мерки на економската политика натаму ќе создаваат услови за решавање на проблемите на стопанскиот и општиот општествен развој на ридско-планинските и пограничните подрачја, приморскиот појас и островите.

Да се забрза формирањето на материјални резерви на општествено-политичките заедници и самоуправните организации и заедници и да се обезбеди нивниот поповолен територијален распоред од становиштето на општонародната одбрана и општествената самозаштита.

Ќе продолжат активностите врз јакнење на системот за безбедност како интегрален дел од општествената самозаштита во согласност со местото и задачите на носителите на развојот.

26. Ќе продолжат активностите врз решавањето на системските прашања во областа на општествено и јавното информирање и комуницирање.

Со договор на федерацијата, републиките и автономните покраини доследно ќе се спроведуваат утврдените мерки за обезбедување развој на средствата за јавно информирање во целост, а посебно на делегатските и политичко-информативните гласила, со оглед на нивната улога во развојот на социјалистичките самоуправни општествено-економски односи и значењето за успешното функционирање на делегатскиот систем.

27. Ќе се донесат договори за основите на планот и Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година.

Сите носители на планирањето ќе обезбедат во 1980 година да се донесат самоуправни спогодби и договори за основите на плановите и планови за периодот од 1981 до 1985 година. Ќе се оствари што поцелосна примена на Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија и на Законите на републиките и на автономните покраини за планирање, што ќе обезбеди меѓусебно усогласување на самоуправните спогодби и договори за основите на плановите и на самите планови, доходовно поврзување и здружување на трудот и средства за меѓусебно поврзаните организации на здружен труд во репродукциониот процес и преземат обврски и одго-

Петок, 28 декември 1979

Напоредно со донесувањето на плановите за развој за периодот од 1981 до 1985 година, сите носители на планирањето ќе донесат посебни документи за развој на економските односи со странство во споменатиот плански период. Организациите на здружен труд ќе ги усогласат овие планови во рамките на заедниците за деловна и планска соработка и на самоуправните интересни заедници за економски односи со странство.

Во подготовката на договорите за основите на општествениот план на Југославија и на договорите за основите на општествените планови на републиките и автономните покраини треба да се води сметка и за политиката утврдена во договорите за континуитет на развојот на одделени дејности од посебно значење за вкупниот развој на земјата.

Во процесот на подготовката на самоуправните спогодби и договори за основите на плановите ќе се обезбеди работниците во здружениот труд да одлучуваат за донесувањето на плановите и за целокупната општествена репродукција. Планирањето на доходот и воспоставувањето на похармонични односи во репродукцијата е основна содржина на самоуправните спогодби и договори за основите на планот и на самите планови.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 204
26 декември 1979 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
**Зоран Полич, с. р.**

## 1013.

Врз основа на член 72 став 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДЕВИЗИТЕ УТВРДЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА И ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ДОЛЖНОСТИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1979 ГОДИНА

1. Во Одлуката за распоредување на девизите утврдени за потребите на органите на федерацијата и за потребите за остварување на правата и должностите на федерацијата за 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/79 и 39/79), во точка 1 став 1 во уводната реченица зборовите: „10.995.622.000 динари" се заменуваат со зборовите: „11.565,622.000 динари".

Во одредбата под 2 бројот: „8.980,749.000" се заменува со бројот:„9.550,749.000".

2. Во Распоредот на девизите за 1979 година, кој е составен дел на Одлуката за распоредување на девизите утврдени за потребите на органите на федерацијата и за потребите за остварување на правата и должностите на федерацијата за 1979 година, под редниот број 16. Сојузен секретаријат за народна одбрана во колоната 3 бројот „8.035,453.000" се заменува со бројот „8.605.453.000", а бројот: „8.123,643.000" — со бројот „8.693.643.000".

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1202
20 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Драгољуб Ставрев, с. р.**

## 1014.

Врз основа на член 49 став 1 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79), врз основа на согласноста од надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ШТО ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВААТ ПРИ НАМАЛУВАЊЕТО НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СУРОВИНИ И РЕПРОДУКЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ ВО 1979 ГОДИНА

1. Во согласност со одредбата на точка 4 став 6 од Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 година во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/78) со оваа одлука се утврдуваат критериумите под кои во 1979 година ќе се намалува царината на увозот на суровини и репродукциони материјали.

Под суровини и репродукциони материјали, во смисла на одредбите од оваа одлука, се подразбираат:

1) материјали (суровини, полупроизводи, склопови, делови, готови производи и помошни материјали) кои во процесот на производството на производи преку преработка, доработка, вградување, нанесување или на друг начин конечно ќе се потрошат и ќе влезат во составот, односно ќе влезат во вредноста на финалниот производ;

2) материјали кои во процесот на производството на производи се трошат, а не влегуваат во составот на финалниот производ, како што се на пример: погонските материјали (енергетските суровини вклучувајќи ја и електричната енергија), материјалите за мазнење и полирање, киселините, лужините и други материјали за растворување, нагризување, одмастување и сл., леарскиот песок и другите слични материјали.

2. Намалување на царината на увозот на суровини и репродукциони материјали преку царинскиот контингент може да се врши, ако со тоа се придонесува кон зголемувањето на извозот и стабилизацијата на домашниот пазар, и тоа ако се врши увоз:

1) за потребите на дејностите што се од посебно значење за реализацијата на договорената политика на вкупниот развој на Југославија;

2) како интервентна мерка по одлука на Сојузниот извршен совет, а на предлог од надлежниот сојузен орган;

3) во согласност со долгорочните извозни работи (на пет години и подолг рок) склучени со странски партнери;

4) заради зголемување на извозот во процент од најмалку 10% во однос на извозот извршен во претходната година;

5) на петрохемиски производи чии увозни цени во 1979 година се зголемени во однос на претходната година за 50% и повеќе.

3. Намалување на царината за суровините и репродукционите материјали во случаите од точка 2 на оваа одлука, може да се врши под следните услови:

1) со Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/78) да е предвидена можноста за намалување на царината преку царинскиот контингент — суровините и репродукционите материјали да се обележени со ѕвездичка;

2) потребните суровини и репродукциони материјали да не се произведуваат или да не можат да се произведат во доволни количества во земјата, а увозната цена на тие суровини и репродукциони материјали, кои не можат да се произведат во доволни количества во земјата е поголема од домашните цени.

4. Видот, количеството и вредноста на суровините и репродукционите материјали, што треба да се увезат во рамките на царинскиот контингент се утврдуваат врз основа на самоуправна спогодба што ќе ја склучат производителите и потрошувачите.

Ако определени сруовини и репродукциони материјали не се произведуваат во земјата, видот, количеството и вредноста на суровините и репродукционите материјали, што треба да се увезат, ќе ги утврди надлежното општо гранско здружение на Југославија.

5. На увозот што се врши согласно со одредбите на точка 2 од оваа одлука царината ќе се пресметува по стапка од 5%, со тоа што на така пресметаниот износ на царината се додава износот кој претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа и царината пресметана по стапка од 5%, намалена за 50%.

На увозот на суровини и репродукциони материјали за кои стапката на царината во Царинската тарифа е пропишана до 8%, намалувањето на царината може да биде и поголемо, вклучувајќи ја и стапката на царината „Слободно".

По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка, на увозот на суровини и репродукциони материјали за дејностите наведени во овој став, стапките на царината предвидени во Царинската тарифа можат да се намалат така што најниските стапки на царината да не бидат помали од 5%, и тоа ако увозот се врши:

1) за потребите на бродоградбата, тешката машинска индустрија и тешката електромашиноградба заради вградување во опрема (машини, уреди и апарати од главите 84 до 90 на Царинската тарифа) што им се испорачува на странски купувачи;

2) за потребите на бродоградбата заради изградба на бродови што им се испорачуваат на организациите на здружен труд во областа на поморското стопанство според посебни спогодби — „Пиранска спогодба", и „Белградска спогодба" што ги склучиле организациите на здружен труд од областа на бродоградбата и организациите на здружен труд од областа на поморството.

6. Заинтересираните организации на здружен труд, односно нивните асоцијации, склучените самоуправни спогодби, со кои ги утврдиле видот, количеството и вредноста на суровините и репродукционите материјали кои можат, односно треба царински да се бенифицираат при увозот, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, ќе ги достават до Сојузниот комитет за енергетика и индустрија.

Ако организациите на здружен труд во рокот од став 1 на оваа точка не склучат и не достават самоуправни спогодби до Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, заинтересираните организации на здружен труд ќе достават свои конкретни барања, со потребните податоци од став 4 на оваа точка до Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, најдоцна во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, во соработка со Сојузниот секретаријат за финансии, Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, Сојузниот завод за општествено планирање, Сојузната управа за царини и со надлежното општо гранско здружение на Југославија, ќе разгледа дали самоуправната спогодба односно конкретното барање за намалување на царината е во согласност со критериумите и условите за намалување на царината што се утврдени со оваа одлука, и ќе го утврди списокот на суровини и репродукциони материјали што треба да бидат царински бенефицирани, со податоци за тарифниот број, ставот и наименувањето од Царинската тарифа, со називот на секој определен производ и со количеството односно со вредноста на тие производи.

Самоуправните спогодби, или анексите на тие спогодби, потпишани од страна на учесниците на самоуправната спогодба, односно конкретните барања мораат да ги содржат следните податоци:

1) тарифен број, став и наименување од Царинската тарифа;

2) назив на производот, со неговите потребни карактеристики и особености;

3) количество што при увозот треба царински да биде бенефицирано;

4) вредност што при увозот треба да биде царински бенифицирано;

5) увозна цена франко југословенската граница;

6) домашна цена франко производителот;

7) дали односниот производ се произведува во земјата или не;

8) колкаво е домашното производство на тој производ;

9) колкави се домашните потреби за тој производ;

10) ако соодветниот производ не се произведува во земјата или не се произведува во доволни количества — да се наведе дали е можно тој производ да се произведува и до кои количества;

11) кои организации на здружен труд и до кои количества, односно вредности можат, во тековната година, да го увезат тој производ со бенефициран царински третман;

12) преку кои царинарници ќе се изврши увозот на тие производи.

7. По утврдувањето на списокот на суровините и репродукционите материјали, со потребните податоци, Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето, ќе достави предлог за намалување на царината, до Сојузниот секретаријат за финансии кој, во рок од 7 дена од денот на добивањето на предлогот, ќе предложи до Сојузниот извршен совет донесување на решение за царинскиот контингент.

8. Кога решението за царинскиот контингент ќе се донесе, Сојузниот секретаријат за финансии писмено ќе ја извести Сојузната управа за царини кои организации на здружен труд и до кои количества можат да уживаат повластен царински третман на увозот на суровини и репродукциони материјали што се опфатени со донесеното решение за царинскиот контингент. Сојузната управа за царини, во најкраток рок, за тоа ќе ги извести надлежните царинарници преку кои ќе се изврши увозот на суровините и репродукционите материјали.

9. Оваа одлука се применува на увозот што ќе се врши од 1 јануари до 31 декември 1979 година.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1210
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип, с. р.**

---

**1015.**

Врз основа на член 33 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79), и член 1 став 2 на Законот за посебната давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/68), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗНИ ДАВАЧКИ НА УВОЗОТ НА МАЗУТ, СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ГАСОВИ И ДРУГИ ГАСОВИТИ ЈАГЛЕНОВОДОРОДИ ВО ГАСОВИТА СОСТОЈБА

1. На увозот на сурова нафта од тар. бр. 27.09/1, на мазут од тар. бр. 27.10/7 и на нафтените гасови и другите гасовити јагленоводороди во гасовита состојба од тар. број 27.11/3 на Царинската тарифа, што се увезуваат за домашни потреби во согласност со Енергетскиот биланс на Југославија за 1980 година, нема да се наплатуваат давачките за царинско евидентирање пропишани со Одлуката за височината на давачките за царинско евидентирање („Слу-

жбен лист на СФРЈ", бр. 35/76) и давачката за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки пропишана со Одлуката за определување на стоките за кои се плаќа посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезени стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/75, 57/76, 47/77 и 11/78).

2. Одредбата од точка 1 на оваа одлука се однесува на увозот на сурова нафта, мазут, нафтени гасови и други гасовити јаглеководороди во гасовита состојба што се врши во согласност со Енергетскиот биланс на Југославија за 1980 година, а врз основа на регионалниот распоред на увозот што го утврди Сојузниот извршен совет и на дозволите за увоз што ги издаде Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

3. Оваа одлука се применува на увозот што се врши од 1 до 31 јануари 1980 година.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1209
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

---

**1016.**

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за посебната такса на увезени стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/70) и член 1 став 2 на Законот за посебната давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезени стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/68), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОСЕБНАТА ТАКСА НА УВЕЗЕНИ СТОКИ И ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДАВАЧКАТА ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ НА ДАНОЧНОТО ОПТОВАРУВАЊЕ НА УВЕЗЕНИ СТОКИ ЗА ОПРЕМА ШТО НЕ СЕ ПРОИЗВЕДУВА ВО ЗЕМЈАТА А СЕ УВЕЗУВА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ОД ПРИОРИТЕТНИТЕ ДЕЈНОСТИ ПРЕДВИДЕНИ СО ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА АВТОНОМНА ПОКРАИНА КОСОВО

1. По исклучок од одредбите на Одлуката за определување на стоките за кои при увозот се плаќа посебна такса („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/78 и 49/79), на Одлуката за определување на стоките на кои при увозот се плаќа посебна такса („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/79) и на Одлуката за определување на стоките за кои се плаќа посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезени стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/75, 57/76, 47/77 и 11/78), на опремата што не се произведува во земјата а се увезува за потребите на основните организации на здружен труд од приоритетните дејности предвидени со Општествениот план на Социјалистичка Автономна Покраина Косово (во натамошниот текст: организациите), чие седиште е на територијата на таа покраина, ќе се плаќа:

1) ако производството на организацијата се заснова во поголем дел врз користењето на домашни суровини (над 51%):

а) од посебна такса на увезените стоки — во височина од 2%

б) посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки — во височина од 1%;

2) ако производството на организацијата се заснова во поголем дел врз користењето на увозни суровини (над 51%), посебна такса на увезените стоки во височина од 2%.

2. Барањата за утврдување на опремата што не се произведува во земјата заради користење на повластиците утврдени со оваа одлука организациите ќе ги поднесуваат до Сојузниот комитет за енергетика и индустрија кој ќе ги утврдува списоците на таа опрема врз основа на претходно прибавеното мислење од Општото гранско здружение за преработка на метали на Југославија за тоа дали соодветна опрема се произведува во земјата или не и на претходно прибавеното мислење од Сојузниот завод за општествено планирање за тоа дали се исполнети условите од точка 1 на оваа одлука.

По утврдувањето на списоците на опремата за секоја одделна организација, Сојузниот комитет за енергетика и индустрија списоците со означување на која организација тие списоци се однесуваат истите ги доставува до Сојузниот секретаријат за финансии.

3. Сојузниот секретар за финансии за секоја организација поединечно, врз основа на предлогот од Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, со свое решение ќе ја утврдува опремата што не се произведува во земјата.

4. Оваа одлука ќе се применува на увозот што се врши во 1979 и 1980 година.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1204
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

---

**1017.**

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за посебната такса на увезените стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/70) и член 1 став 2 на Законот за посебната давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/68), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ДАВАЧКА ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ НА ДАНОЧНОТО ОПТОВАРУВАЊЕ НА УВЕЗЕНИТЕ СТОКИ И ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОСЕБНАТА ТАКСА НА УВЕЗЕНИТЕ СТОКИ — ЈАГЛЕН ЗА КОКСИРАЊЕ

1. На увозот на 216.000 тони јаглен за коксирање од тар. број 27.01/2а на Царинската тарифа, од

развиените земји на запад, не се плаќа давачката за израмнување на увезените стоки, а посебната такса на увезените стоки ќе се плаќа во височина од 1%.

2. Увозот од точка 1 на оваа одлука се врши во согласност со Спогодбата за распределба на јагленот за коксирање од царинскиот контингент од запад за 1979 година.

3. Оваа одлука се применува на увозот што се врши во 1979 година.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1203
27 декември 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

---

**1018.**

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА МАКСИМИРАЊЕ НА УЧЕСТВОТО ЗА ПОКРИТИЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ПРОМЕТОТ

1. Учеството за покритие на трошоците на прометот на производите од надлежност на федерацијата, организациите на здружен труд што се занимаваат со увоз, промет на големо или промет на мало (во натамошниот текст; прометните организации) можат да го засметуваат најмногу до апсолутниот износ што постоеше на денот на влегувањето во сила на Одлуката за определување на максималните цени на производите и услугите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/79).

Одредбата на став 1 од оваа точка се однесува и на другите услови на продажбата при формирањето на цените во прометот.

2. Организациите на здружен труд што се занимаваат со производство и прометните организации можат со самоуправна спогодба да го утврдуваат учеството за покритие на трошоците на прометот на производите и другите услови на продажбата, и тоа најмногу до износот од точка 1 на оваа одлука.

3. Поблиски објасненија за тоа за кои производи и на кој начин се утврдува учеството за покритие на трошоците на прометот и другите услови на продажбата од точ. 1 и 2 на оваа одлука дава Сојузниот завод за цени.

4 Оваа одлука ќе се применува од 1 јануари 1980 година.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1206
27 декември 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

**1019.**

Врз основа на член 132 став 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ТРОШОЦИТЕ НА РАБОТЕЊЕТО ШТО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ЗА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ СТОКОВЕН И ПАТНИЧКИ ПРОМЕТ МОЖАТ ДА ГИ ПЛАЌААТ ВО СТРАНСТВО

1. Во Одлуката за трошоците на работењето што организациите на здружен труд за давање услуги во меѓународниот стоковен и патнички промет можат да ги плаќаат во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/77), во точка 1 се додава став 2, кој гласи:

„Девизите за плаќање на трошоците за работењето од став 1 на оваа точка, се обезбедуваат според самоуправната спогодба од член 69 на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство. Според таа самоуправна спогодба се обезбедуваат и девизите за извршување на обврските што произлегуваат од меѓународните конвенции во железничкиот и ПТТ сообраќај."

2. По точка 1 се додава точка 1а, која гласи:

„1а. Вкупниот износ на трошоците за работењето од точка 1 на оваа одлука во тековната година во однос на претходната година може да се зголеми сразмерно со зголемувањето на приливот во девизите и динарите остварени во смисла на член 127 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство, по основ на извршените услуги во меѓународнот стоковен и патнички промет во претходната година.

По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка, ако се зголемат странските цени, трошоците на разботењето од точка 1 на оваа одлука можат да се зголемат сразмерно со зголемувањето на тие цени.

Одредбите на ст. 1 и 2 од оваа точка не се однесуваат на салдото на обврските што произлегуваат од меѓународните конвенции во железничкиот и ПТТ сообраќај.

3. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1980 година.

Е. п. бр. 1201
27 декември 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

---

**1020.**

Врз основа на член 121 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ДИНАРСКИ ПОБАРУВАЊА НА СТРАНСКИ ЛИЦА

1. Во Одлуката за условите за стекнување и користење на динарски побарувања на странски

лица („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/77) во точка 1 став 2 во одредбата под 1 на крајот, се додаваат зборовите: „и ако девизите за плаќање на тие намени се обезбедени според самоуправната спогодба од член 69 на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство“.

2. Во одредбата под 5 се додава став 2, кој гласи:

„Девизите за исплата на надместите, односно отштетите од став 1 на оваа одредба, се обезбедуваат според самоуправната спогодба од член 69 на Законот за довизнато работење и кредитните односи со странство.“

3. Во точка 3 став 2 на крајот се додаваат запирка и зборовите:„со тоа што девизите за исплати на странски лица по оваа точка се обезбедуваат според самоуправната спогодба од член 69 на Законот за девизното работање и кредитните односи со странство.“

4. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1980 година.

Е. п. бр. 1208
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип, с. р.**

---

**1021.**

Врз основа на член 50 став 1 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76, 36/79 и 52/79), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ШТО ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВААТ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕТО НА РЕШЕНИЈА ЗА РАМПЛАСМАН

1. Со оваа одлука се утврдуваат критериумите врз основа на кои се донесуваат решенија за рампласман.

Критериумите за донесување на решенијата од став 1 на оваа точка се:

1) рампласманот мора да биде во согласност со целите на економската политика во земјата и со правците на политиката на развојот;

2) рампласманот од член 50 став 3 на Царинскиот закон треба претходно да е одобрен во смисла на Одлуката за работите на посредувањето во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ“, бр. 56/77);

3) увозот треба да придонесува кон намалувањето на растежот на домашните цени и. при обврска на корисниците, да се придржува кон склучените општествени договори и самоуправни спогодби за спроведување на политиката на цените во тековната година;

4) увозот треба да придонесува кон зголемувањето на извозот на конвертибилниот пазар;

5) увозот треба да е во согласност со утврдените материјални биланси на увозот и извозот, односно со платниот биланс за тековната година, како и со општествените договори, односно со самоуправните спогодби склучени во рамките на надлежното општо гранско здружение на Југославија;

6) рампласманот треба да придонесува кон подобрувањето на положбата на домашната индустрија на светскиот пазар;

7) рампласманот треба да придонесува кон остварувањето на посебните цели во рамките на надворешнотрговските односи (одржување континуитет во снабдувањето на определен странски пазар, освојување на нов странски пазар, итн.);

8) рампласманот треба да придонесува кон решавањето на некои тековни економски прашања (на пример заштеди на трошоците на превозот, порационално користење на постојните капацитети на производството, или во случај на увоз на стоки од различни тарифни броеви на Царинската тарифа поради разлика на цените на домашниот пазар, за увозниците да не настане можност за остварување на дел од доходот кој е резултат од разликата во цените што се остварува со продажбата на тие стоки на домашниот пазар;

9) рампласманот не може на домашниот пазар да создава можност за остварување на разлика во цената поради сезонски осцилации во цените, односно да ја загрозува понудата на домашниот пазар (динамички посматрано) односно на домашното производство;

10) да е во прашање испорака на готови производи или на делови од една технолошка групација на истородно производство;

11) другите елементи што во проценката на општествената целесообразност на рампласманот можат да имаат битно влијание, а особено кога со размена на суфицитарни производи (вонбилансните потреби на домашното стопанство) се увезува полуфабрикат од кој се произведуваат производи што го супституираат увозот на дефицитарните финални производи;

12) ослободувањето од плаќање на царина според одредбата на член 50 став 2 од Царинскиот закон може да се врши под услов, при извозот на стоките по овој основ, да не се користат мерките за поттикнување на извозот и извозните инструменти предвидени со важечките прописи;

13) ослободувањето од плаќање царина, односно намалувањето на царинските стапки, според одредбата на член 50 став 3 од Царинскиот закон, може да се врши за износот што се добива со примената на мерките за поттикнување на извозот и извозните инструменти предвидени со важечките прописи, и тоа под услов, при извозот по овој основ, да не се користат мерките за поттикнување на извозот и извозните инструменти предвидени со важечкиот пропис.

2. Пред поднесувањето на барањето за рампласманот од член 50 став 2 на Царинскиот закон, увозникот прибавува мислење согласно со Одлуката за работите на посредувањето во надворешнотрговскиот промет.

3. При донесувањето на решението за рампласманот, поаѓајќи од критериумите од оваа одлука, поради специфичноста на односите што можат да настанат на домашниот пазар, предвид се земаат и други индикатори што се од влијание за донесувањето на конкретно решение.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 1211
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип, с. р.**

**1022.**

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СЕЛЕКТИВНА ПРОМЕНА НА ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ И УСЛУГИТЕ ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1. Одлуката за утврдување на критериумите за селективна промена на цените на производите и услугите од надлежност на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/79), престанува да важи.

2. Формирањето на цените за производите и услугите од надлежност на федерацијата ќе се врши по денот на влегувањето во сила на оваа одлука според важечките прописи, со тоа што ќе се применуваат и критериумите од Законот за општествена контрола на цените, односно критериумите утврдени со политиката на цените во Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 во 1980 година.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1205
27 декември 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**1023.**

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИТЕ ЦЕНИ НА ПРОИЗВОДИТЕ И УСЛУГИТЕ

1. Одлуката за определување на максималните цени на производите и услугите („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/79), престанува да важи на 31 декември 1979 година.

2. Формирањето на цените за производите и услугите од надлежност на федерацијата ќе се врши по влегувањето во сила на оваа одлука според прописите што важеа до 3 август 1979 година или според прописите донесени по тој ден, односно донесени по влегувањето во сила на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1207
27 декември 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**1024.**

Врз основа на член 29 точка 10 од царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА НА УВОЗОТ НА МАГНЕТОФОНСКИ ЛЕНТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СЛЕПИ ЛИЦА

1. Се ослободува од плаќање царина Сојузот на слепите на Југославија на увозот на магнетофонски ленти од тар. број 92.12/1 — подготвени подлоги за звучни и други снимања, за потребите на слепи лица.

2. Ова решение се применува на увозот што се врши во 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1200
27 декември 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**1025.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 6 став 1 одредба под 18 на Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗ НА ЛОКОМОТИВИ, ВАГОНИ И ЕЛЕКТРОМОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ЖЕЛЕЗНИЦИ

1. Во Решението за намалување на царината на увоз на локомотиви, вагони и електромоторни возила за потребите на Југословенските железници („Службен лист на СФРЈ". бр. 63/78, 68/78 и 65/79) во точка 1 се вршат следните измени:

1) во тар. број 86.03/1 во наименувањето под Ех. зборовите: „87 дизел електрични локомотиви, некомплетни" се заменуваат со зборовите: „123 дизел електрични локомотиви, некомплетни".

2) во тар. број 86.04/6 во наименувањето под Ех. бројот: „13" се заменува со бројот: „20";

3) во тар. број 86.05/1а во наименувањето под Ех. бројот: „10" се заменува со бројот: „16".

2. Ова решение се применува во увозот што се врши од 1 јануари до 31 декември 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1199
27 декември 1979 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**1026.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 7 одредба под 14 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", број 65/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА БЕЛИ ЛИМОВИ

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што се користи во производството на бели лимови, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.17/2 ѓ-2 | Машини и уреди за дестилација и евапоризација, друго<br>Ex.<br>Уреди за впарување на калаен електролит под вакуум |
| 84.45/13 | Машини за сечење со симнување, машини за пробивање и машини за нарежување<br>Ex.<br>Уреди за автоматско сечење и обрежување на лента во движење при брзина од 300 до 1.200 m/min. |
| 84.53/3б | Комплетни дигитални централни единици за обработка на податоци, други<br>Ex.<br>Сметачи за водење на процеси на производството на бели лимови |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди, други<br>Ex.<br>— Уреди за електростатичко подмачкување на лента на бели лимови во континуелна постапка<br>— Уреди за автоматско сечење и сортирање според дебелината на нанесениот слој на калај, издупченоста, другите површински дефекти и пакувањето на табли на бели лимови.<br>— уреди за автоматско сортирање и издвојување според квалитетот и пакувањето на дефектните табли на бели лимови |
| 85.11/2в | Електрични или ласерски машини и апарати за заварување, лемење или сечење и нивни делови, друго<br>Ex.<br>Уреди за автоматско заварување на лента, со преклоп |
| 87.07/1б | Други виљушкари<br>Ex.<br>Виљушкари на електричен погон од акумулатор со носивост над 18 тони |
| 90.13/3 | Оптички апарати и инструменти, друго<br>Ex.<br>Оптички апарати за мерење на издупченоста на лентата |
| 90.20/1в | Рентген апарати, апарати врз база на радиоактивни изотопи и други апарати врз база на нуклеарни зрачења, други<br>Ex.<br>Апарати за мерење на дебелината на лентата и калајната превлака со радиоактивни изотопи |
| 90.22/1 | Машини и апарати, за испитување на метали<br>Ex.<br>Апарати за испитување на тврдината, јачината, структурата на еластичноста и сличните својства на лимот. |

2. Ова решение се применува на увозот што се врши од 1 јануари до 31 декември 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1197
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип,** с. р.

**1027.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 7 одредба под 6 на Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО РУДАРСКИТЕ И ГЕОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

1. Во Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема што се користи во рударските и геолошките истражувања („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/78 и 65/79), во точка 1 се вршат следните дополненија:

1) по тар. број 84.10/4в се додаваат три нови тар. броја, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „84.11/1б-1а | Подвижни компресори, со капацитет од 2 до 25 $m^3$/min со работен притисок од 2 до 10 at<br>Ex.<br>Вијчени компресори со електричен погон, со димензии приспособени за работа во јами, погодни за пренесување |

84.21/3д-2 Други апарати за распрскување на течност

Ех.

Уреди за нанесување на цементна маса со распрскување на ѕидовите на јамските простории

84.22/2е Други дигалки

Ех.

Подвижни портали за дигање, приспособени за работа во јамски простории";

2) по тар. број 84.23/1а се додава нов тар. број, кој гласи:

„84.23/2в-1 Машини за нивелирање до 250 KS

Ех.

Самоодни машини за нивелирање на терен со габарити приспособени за работа во подземни простории (јамски услови)";

3) по тар. број 84.23/3 се додаваат два нови тар. броја, кои гласат:

„84.23/4а-2 Натоварни лопати на тркала до 250 KS

Ех.

Самоодни јамски натоварувачи со можност за зафаќање на материјал под нивото (газалиштето) на тркалата, со капацитет 2,3 $m^3$, со можен учинок 100 t/h на транспортно растојание 50 m

84.23/4в Комбинирани машини за изработка и подготвување на јамски простории

Ех.

Комбинирани самоодни машини за изработка и подготвување на јамски простории, кај истражувањето и експлоатацијата на рудите на ураниот";

4) по тар. број 84.23/5а се додаваат два нови тар. броја, кои гласат:

„84.23/5в-2а Други машини за експлоатација на дупчењето до 100 m

Ех.

Високопродуктивни хидраулични експлоатациони машини, со можност за дупчење на повеќе дупнатини истовремено, со длабочинско зафаќање до 80 m

84.45/9б Машини за острење

Ех.

Машини за острење на дупчачки круни од метални карбиди";

5) во тар. број 90.14/2 по третата алинеја се додава четврта алинеја, која гласи:

„— Геодетски инструменти приспособени за работа во јама";

6) во тар. број 90.28/1, 3, 4 и 5 по четврата алинеја се додава петта алинеја, која гласи:

„— Електрооптички далечинометри".

2. Ова решение се применува на увозот што се врши од 1 јануари до 31 декември 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1184
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

## 1028.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 6 став 1 одредба под 9 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО РУДНИЦИТЕ НА ЖЕЛЕЗНА РУДА, ВО ПОДГОТОВКАТА НА ЖЕЛЕЗНА РУДА И ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА КОКС, ЖЕЛЕЗО И ЧЕЛИК

1. Во Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема што се користи во рудниците на железна руда, во подготовката на железна руда и во производството на кокс, железо и челик („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/78 и 65/79) во точка 1 се вршат следните дополненија:

1) по тар. број 84.45/9б се додава нов тар. број, кој гласи:

„84.45/12в Машини за свиткување, обликување, пресување или рамнење, други

Ех.

Уреди — линии во форма на функционални единици за производство на отворени и затворени профили од ленти";

2) во тар. број 90.28/1, 3, 4, и 5 по четвртата алинеја се додава нова алинеја, која гласи:

„— Уреди за автоматска регулација на нивото на течен челик во кристализаторот на машините за континуирано леење на челик".

2. Ова решение се применува на увозот што се врши од 1 јануари до 31 декември 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1196
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**1029.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 6 став 1 одредба под 11 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО РУДНИЦИТЕ НА БОКСИТ И ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА АНОДИ ЗА ЕЛЕКТРОЛИЗА НА АЛУМИНИУМ, ГЛИНИЦА И АЛУМИНИУМ

1. Во Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема што се користи во рудниците на баксит и во производството на аноди за електролиза на алуминиум, глиница и алуминиум („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/78 и 70/78) во тар. бр. 87.07/1 и 2 по шестата алинеја се додава седма алинеја, која гласи:

„— Самоодни индустриски моторни возила за превоз на течен алуминиум, со лонец со капацитет од 4 тони".

2. Ова решение се применува на увозот што се врши од 1 јануари до 31 декември 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр 1193
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**1030.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ". бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 6 став 1 одредба под 11 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема во 1979 година, („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО РУДНИЦИТЕ НА БАКАР И ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА КАТОДЕН БАКАР

1. Во Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема што се користи во рудниците на бакар и во производството на катоден бакар („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/78 и 65/79) во точка 1 се вршат следните дополненија:

1) по тар. број 82.05/1ж-1 се додава нов тар. број кој гласи:

„82.05/2а-1 Рударски алат од дијамант за дупчење и сондажа

Ex.

Крунички за дупчење од дијамант, со пречник над 4"";

2) по тар број 84.14/6 се додава нов тар. број, кој гласи:

„84.14/11 Индустриски лабораториски печки неелектрични, други

Ex.

— Континуирани гасни тунелски печки за согорување на сулфатни нечистотии од катодите, со капацитет над 30.000 тони и работна температура од 500 до 1200°C";

3) по тар. број 84.20/1а се додава нов тр. број, кој гласи:

„84.21/3д-2 Други апарати за распрскување на течности, други

Ex.

Уреди на електричен погон за нафрлување на суспензија на огноотпорен материјал (машини за торкетирање) на ѕидовите на металуршките агрегати за топење на бакроносни суровини, со капацитет над 2 $m^3/h$";

4) во тар. број 84.23/2 по третата алинеја се додава нова алинеја, која гласи:

„— Англдозери со мотор над 250 KS";

5) во тар. број 84.23/3 по третата алинеја се додава нова алинеја, која гласи:

„— Дизел багери на гусеници за манипулација на концентратот на бакар, со волумен на лажицата од 2 до 4 $m^3$ и носивост над 5 тони материјал";

6) во тар. број 84.56/1 по четвртата алинеја се додава нова алинеја, која гласи:

„— Суви и водени магнетни сепаратори за издвојување на магнетит од пулпата при добивање на концентрат на бакар";

7) во тар. број 84.59/8к по втората алинеја се додаваат две нови алинеи, кои гласат:

„— Уреди за континуирана подготовка и редење на појдовните листови на катодите за електролиза на бакар, со капацитет над 450 листови на катоди на час

— Уреди за симнување на појдовните листови од матичните плочи на катодите".

2. Ова решение се применува на увозот што се врши од 1 јануари до 31 декември 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1195
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

## 1031.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 6 став 1 одредба под 12 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема во 1979 година („Службен лист на СФРЈ“, број 65/79), Сојузниот извршен совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ЗА РУДНИЦИ И ОБЛАГОРОДУВАЊЕ НА НЕМЕТАЛИ

1. Во Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема за рудници и облагородување на неметали („Службен лист на СФРЈ“, бр. 63/78, 67/78, 10/79, 28/79 и 65/79), во точка 1 се вршат следните дополненија:

1) во тар. број 84.10/3 по шестата алинеја се додаваат две нови алинеи, кои гласат:

„— Центрифугални пумпи за транспорт на врела лужина на магнезиум-хлорид и хлороводородна киселина, обложени со тефлон или изработени од силициум лив

— Центрифугални пумпи за транспорт на разблажена хлороводородна киселина изработени од полипропилен“;

2) во тар. број 84.11/1а-2 се додава нова алинеја втора, која гласи:

„— Двостепени вакуум пумпи за одржување на нивото на вакуум во уредите за впарување на магнезиум хлорид, изработени од Cr-Ni-Mo челик“;

3) по тар. број 84.13/1б се додаваат два нови тар. броја, кои гласат:

„84.13/1в-2 Горилници за комбинација на гориво

Ex.

Горилници за етажни печки за калцинација на магнезиум хидроксид

84.14/3 Печки за каустификација и синтерување

Ex.

Етажни печки со десет етажи за калцинација на магнезиум хидроксид за температура од 950 до 1200°C“;

4) во тар. број 84.14/7 во втората алинеја по зборот: „брусеви“ се брише запирката и се додаваат зборовите: „и изолатори,“;

5) по тар. број 84.14/7 се додава нов тарифен број, кој гласи:

„84.17/2ѓ-2 Машини и уреди за дестилација и евапоризација, друго

Ex.

— Уреди за преведување на течен хлор во гасовита состојба со капацитет над 200 kg/h

— Повеќестепени вакуум-впарувачи за впарување на лужината од магнезиум хлорид“;

6) во тар. број 84.17/2к по втората алинеја се додава нова алинеја трета, која гласи:

„— Изменувачи на топлината од графит, со огревна површина над 8 m² за загревање на хлороводородна киселина“;

7) во тар. број 84.18/2 по седмата алинеја се додаваат четири нови алинеи, кои гласат:

„— Електростатички филтери за издвојување на магнезиумоксид од димни гасови со температура од 400°C од етажни печки.

— Филтерски уреди за пречистување на воздухот заситен со фин прав на магнезиум оксид во процесот на брикетирање

— Трактасти вакуум-уреди за филтрирање на суспензии на минерални суровини и магнезиум хлорид

— Ротациони вакуум-уреди за филтрирање на магнезиум хидроксид“;

8) по тар. број 84.20/1а-2 се додава нов тарифен број, кој гласи:

„84.21/3д-2 Апарати за распрскување на течности, други

Ex.

Млазници на полипропилен за распрскување на магнезиум хлорид, вода и хлороводородна киселина“;

9) во тар. број 84.56/1, 2, 3 и 4 по шеесет и седмата алинеја се додава нова алинеја, шеесет и осма, која гласи:

„— Валчести преси за брикетирање на магнезиумоксид со температура над 250°C“;

10) во тар. број 84.59/8к по шестата алинеја се додава нова алинеја седма, која гласи:

„— Млазници на реактор од тантал и алуминиум — оксидна керамика за распрскување на врел магнезиум хлорид“;

11) во тар. број 90.25 се додава нова алинеја, втора, који гласи:

„— Автоматски апарати за квантитативна хемиска анализа на гасови“.

2. Ова решение се применува на увозот што се врши од 1 јануари до 31 декември 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 1198
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

## 1032.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ“, бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 6 став 1 одредба под 13 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема во 1979 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 65/79), Сојузниот извршен совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ВЕШТАЧКИ СМОЛИ И ПОЛИАКРИЛАТНИ ДИСПЕРЗИИ

1. Во Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи

во производството на вештачки смоли и полиакрилатни дисперзии („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/78 и 65/79), во точка 1 се вршат следните дополненија:

1) по тар. број 84.10/5 се додава нов тар. број, кој гласи:

„84.11/1а-2 Вакуум-пумпи
Ex.
Повеќестепени центрифугални вакуум-пумпи со воден прстен за остварување на вакуум во реакторот за производство на синтетички поликондензациони смоли, во „S" изработка".

2) по тар. број 84.17/2к се додава нов тар. број, кој гласи:

„84.18/2л Уреди и апарати за филтрирање или пречистување на други течности
Ex.
Уреди за одделување — пречистување на органски растворачи од вода во производството на синтетички поликондензациони смоли (амино смоли)";

3) по тар. број 84.20/1 се додаваат два нови тар. броја, кои гласат:

„84.59/4е Машини и механички уреди, за индустријата на гуми или вештачки пластични маси, други
Ex.
Уреди-реактори од нерѓосувачки челик со дупли ѕидови, змиести грејачи и мешалка за работа под вакуум, со припаѓачки дефлегматор, кондензатор и мерни инструменти, за производство на синтетички поликондензациони смоли, со волумен над 13 $m^3$,

84.61/2а-1 Други вентили со електричен погон во „S" изработка.
Ex.
Електромагнетни вентили за дозирање на суровини во производството на синтетички поликондензациони смоли, во „S" изработка;

4) по тар. број 90.24 се додава нов тар. број, кој гласи:

„90.25 Инструменти и апарати за физички и хемиски анализи и др.
Ex.
Инструменти за мерење на вискозитетот на синтетичките поликондензациони смоли во „S" изработка."

2. Ова решение се применува на увозот што се врши од 1 јануари до 31 декември 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1194
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип, с. р.**

## 1033.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 6 став 1 одредба под 13 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ФОСФОРНА КИСЕЛИНА

1. Во Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема за производство на фосфорна киселина, („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/78 и 65/79) во точка 1 се вршат следните дополненија:

1) по тар. бр. 84.59/8к се додаваат пет нови тарифни броеви, кои гласат:

„90.24/1 Манометри
Ex.
Диференцијални манометри, освен живини

90.24/2в Други инструменти и апарати за мерење, контрола и автоматско контролирање на протокот, длабочината, притисокот или другите променливи вредности на течности или гасови или за автоматско контролирање на температурата
Ex.
— Пневматски „таргет претворачи" на протокот со големина од 3/4" до 4"
— Пневматски претворачи на протокот од типот на променливата површина
— Индикатори на протокот ротометарски
— Пневматски претворачи на нивото со прирабница за фосфорна киселина
— Пневматски претворачи и регулатори на нивото со нуркач, со и без куќиште
— Пневматски регулатори на девијацијата

90.25 Инструменти и апарати за физички и хемиски анализи
Ex.
— Анализатори — претворачи врз база на радијација во нормална и специјална изработка
— Анализатори — претворачи врз база на хемиски афинитет во нормална и специјална изработка
— Електрични и магнетски анализатори
— претворачи во нормална и специјална изработка
— Анализатори за континуирана анализа на густината и концентрацијата на фосфорната киселина во нормална и специјална изработка

90.26/2б-3 Други мерачи на течности
Ex.
Мерачи на протокот со елипсовидни запчаници со компензација на темпера-

турата и на специфичната тежина, пишувачи на картички и регулатори

90.27/3 Други бројачи

Ex.

Дигитални и аналогни тахометри со броила и регулација на брзината на движењето на турбоуредите";

2) тар. број „90.28/1, 3, 4 и 5" се заменува со тар. број: „90.28", а по четвртата алинеја се додаваат 17 нови алинеи, кои гласат:

„— Претворачи на протокот со елипсовидни запчаници со компензација на температурата и специфичната тежина, со бруто и нето тотализатори

— Електронски „таргет" претворачи на протокот

— Електронски претворачи на протокот

— Конвертори за мерење на температурата во експлозионо сигурна изработка од типот EMS (пневматски)

— Електронски претворачи на нивото со прирабница за високо вискозни и корозивни течности во специјална изработка

— Електронски претворачи и регулатори на нивото врз база на истиснување, со куќиште и без куќиште

— Електрични сигнализатори на нивото со пливец во експлозионо сигурна изработка

— Радиоактивни претворачи на нивото за садови со материи што кристализираат

— Електрични сигнализатори на нивото врз база на истиснување во обична и специјална изработка

— Електронски претворачи со апсолутен притисок

— Пресостати во обична и специјална изработка, освен со жива

— Електронски пишувачи за вградување во контролни плочи и комбинации на пишувач и регулатор

— Електронски регулатори на смеса (аналогни и дигитални)

— Електронски регулатори на девијации

— Дигитално-аналогни конвертори

— Аналогно-дигитални конвертори

— Соленоидни вентили во специјална изработка".

2. Ова решение се применува на увозот што се врши од 1 јануари до 31 декември 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1190
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**1034.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 6 став 1 одредба под 13 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СУЛФУРНА КИСЕЛИНА

1. Во Решението за намалување на царината на увозот на специфична опрема за производство на сулфурна киселина („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/78 и 65/79) во точка 1 се вршат следните измени и дополненија:

1) по тар. број 84.13/1а-3 се додаваат два нови тарифни броја, кои гласат:

„84.13/1а-4 Горилници за течни горива со капацитет над 800 kg/h

Ex.

Горилници за согорување на течен сулфур, со капацитет над 30,000.000 kcal/h

84.13/1б-2 Горилници за гасовити горива со капацитет над 20.000 kcal/h

Ex.

Горилници за согорување на гас со капацитет над 8.000.000 kcal/h";

2) по тар. број 84.18/2а се додава нов тарифен број, кој гласи:

„84.18/2е Уреди и апарати за филтрирање или пречистување на други течности

Ex.

Уреди за филтрирање со плочи за одделување на нечистотии од течен сулфур со уред за извлекување на рамките, со проток од 20/t/ден и повеќе";

3) по тар. број 85.19/1з се додава нов тарифен број, кој гласи:

„90.24/1 Манометри

Ex.

Диференцијални манометри, освен живини";

4) Во тар. број 90.24/2в по првата алинеја се додаваат шест нови алинеи, кои гласат:

„— Пневматски „таргет" претворачи на протокот со големина од 3/4" до 4".

— Дегазатори за трубински претворачи на протокот и претворачи на протокот со елипсоидни запчаници.

— Пневматски претворачи на протокот од типот на променлива површина

— Индикатори на протокот ротаметарски

— Пневматски претворачи и регулатори на нивото со нуркач, со и без куќиште

— Пневматски регулатори на девијација";

5) по тар. број 90.24/2в се додаваат четири нови тарифни броја, кои гласат:

„90.25 Инструменти и апарати, за физичка и хемиска анализа и др.

Ex.

— Анализатори — претворачи врз база на радијација во нормална и специјална изработка

— Анализатори — претворачи врз база на хемиски афинитет во нормална и специјална изработка

— Електрични и магнетски анализатори — претворачи во нормална и специјална изработка

— Термички или механички анализатори — претворачи во нормална и специјална изработка

— Анализатори за континуирана анализа на густината и концентрацијата на сулфурна киселина во нормална и специјална изработка

90.26/2г Други мерачи за гасови

Ex.

Волуметриски мерачи за мерење на протокот на гасот во потрошувачка и производство над 6 $m^3/h$

90.26/2б-3 Други мерачи за течности

Ex.

Мерачи на протекот со елипсоидни запчаници, со компензација на температурата и специфична тежина, пишувачи на картички и регулатори

90.27/3 Други бројачи

Ex.

Дигитални и аналогни тахометри со броила и регулација на брзината на вртењето на турбо-уредите";

6) тар. број „90.28/1,3,4 и 5" се заменува со тар. број: „90.28", а по првата алинеја се додаваат 18 нови алинеи, кои гласат:

„— Претворувачи на протокот со елипсоидни запчаници, со компензација на температурата и специфичната тежина, бруто и нето тотализатори

— Електронски „таргет" претворачи на протокот

— Електронски претворачи на протокот

— Повеќебојни потенциометарски пишувачи за повеќе од 12 точки

— Потенциометарски индикатори на температурата за повеќе од 10 точки (аналогни и дигитални)

— Конвертори за мерење на температурата во експозионо сигурна изработка од типот на EMS (пневматски)

— Електронски претворачи на нивото со прирабница за високо вискозни и корозивни течности во специјална изработка

— Електронски претворачи и регулатори на нивото врз база на истиснување, со и без куќиште

— Електрични сигнализатори на нивото со пливец во експлозионо сигурносна изработка

— Електронски сигнализатори на нивото врз база на истиснување во обична и специјална изработка

— Електронски претворачи на апсолутен притисок

— Пресостати во обична и специјална изработка, освен со жива

— Електронски пишувачи за вградување во контролни плочи, и комбинации на пишувачи и регулатори

— Електронски регулатори на смеса (аналогни и дигитални)

— Електронски регулатори на девијација

— Дигитално-аналогни конвертори

— Аналогно-дигитални конвертори

— Соленоидни вентили во специјална изработка".

2. Ова решение се применува на увозот што се врши од 1 јануари до 31 декември 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 1189
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

---

**1035.**

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79 и 52/79) и точка 6 став 1 одредба под 13 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфична опрема во 1979 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/79), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ДЕРИВАТИ НА 6-АМИНОПЕНИЦИЛИНСКА КИСЕЛИНА

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема која се користи во производството на деривати на 6-аминопеницилинска киселина, наместо стапките на царина предвидени во Царинската тарифа ќе се применува стапката на царина од 5%:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 84.10/5б | Други пумпи за течности и елеватори на течности<br>Ex. |

| 1 | 2 |
|---|---|
| | Перисталтички пумпи со пневматски погон |
| 84.17/2ж-2 | Машини и уреди за разладување на материјали<br>Ex.<br>Графитни изменувачи на топлина, со работна површина над 4,5 $m^2$ |
| 84.18/2е | Уреди и апарати за филтрирање или пречистување на други течности<br>Ex.<br>Емајлирани филтерски уреди за производство на деривати на 6-АРК, со двоен плашт за ладење, со површина над 0,4 $m^2$, за работа под притисок и со температура од минус 10°C. |
| 84.59/8к | Други машини и механички уреди<br>Ex.<br>— Електромагнетски вибрациони машини со програмирање на периодични вибрации, со јачина на ударот и времето на траењето<br>— Машини за компактирање — брикетирање на прашочест производ на дериватите на 6-АРК, со капацитет над 35 kg/h и со сила на притисокот над 15 тони<br>— Индустриски мелници со прачкести елементи за мелење на компактираните производи на дериватите на 6-АРК, со над 9500 обрти во минута, со програмирано време на мелењето, заедно со доделувачот и со врекеститот отпрашувач |
| 90.28/3г | Други електронски инструменти и апарати<br>Ex.<br>Електронски лабораториски апарати за определување на анализата со трептењето во производството на дериватите на 6-АРК |
| 90.28/5б | Други неелектронски инструменти и апарати<br>Ex.<br>— Лабораторски PH-метри, електрични, со вграден компензатор на статички електрицитет, со можност за приклучување на уреди за потенциометриско трептење, на автоматски бирети, пишувачи и кондуктометриски мерења<br>— Лабораториски електрични ваги со точност на мерењето од плус-минус 0,05 центиграма<br>— Електрични лабораториски апарати за аналитичко определување на азотот со методот на спалување во производството на дериватите на 6-АРК |

2. Ова решение се применува на увозот кој се врши од 1 јануари до 31 декември 1979 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Е. п. бр. 1185
27 декември 1979 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

## 1036.

